СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-5302/57
29.08.2023 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

За работата на 31-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес 29.08.2023 година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 31-та седница на Советот на Општина Кавадарци.
На седницата присуствуваат 17 советници. Двајца советници поради здравствени проблеми ќе присуствуваат на седницата преку зум онлајн програмата.
Констатирам дека има кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

На денешната седница доставен е и Записникотод 30-тата седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 14.07.2023 година;

Дали има забелешки по Записникот на 30-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 30-та Седница на Советот на Општина Кавадарци. Диме. Ружица. За. Добро.

Констатирам дека е усвоен Записникот на 30-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

На денешната седница доставен е и Записник од Осмата вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 03.08.2023 година.

Дали има забелешки по Записникот од Осмата вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од од Осмата вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци. Ве молам за гласање. Диме. Ружица. За.

Констатирам дека е усвоен Записникот од Осмата Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната редовна седница имате добиено и Предлог Дневен Ред.

Согласно член 59 од Деловникот за работа, заради обврски на Директорот на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци, а на барање на

директорите на основните општински училишта кои се присутни денеска на нашата седница ме замолија нивните точки да бидат први на денешната седница на Советот на Општина Кавадарци, со тоа предлагам изменување на предложениот дневен ред и тоа точките 32,33,34 да бидат точки со реден бр.1, 2, и 3 и од 23-та точка до 34-та точка. Понатаму редоследно да се менуваат бројот на точките.

1. Измена и дополнување на Годишен план за вработување на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци за 2023 година донесен од Директорот на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци;
2. Годишен план за вработување на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци за 2024 година донесен од Директорот на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци;
3. Статут на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци;
4. Годишна Програма за работа на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци за учебната 2023/2024 година, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;
5. Годишна Програма за работа на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци за учебната 2023/2024 година донесена од Училишен Одбор на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци;
6. Годишна Програма за работа на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Ваташа за учебната 2023/2024 година донесена од Училишен Одбор на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Ваташа;
7. Годишна Програма за работа на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци за учебната 2023/2024 година донесена од Училишен Одбор на ООУ„ Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;
8. Годишна Програма за работа на ООМБУ„Лазо Мицев Рале„ Кавадарци за учебната 2023/2024 година донесена од Училишен Одбор на ООМБУ„Лазо Мицев Рале„ Кавадарци;
9. Годишна Програма за работа на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци за учебната 2023/2024 година донесена од Училишен Одбор на ООУ„ Страшо Пинџур„ Кавадарци;
10. Годишна Програма за работа на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци за учебната 2023/2024 година донесена од Училишен Одбор на ООУ„ Гоце Делчев„ Кавадарци;
11. донесен од Училишен Одбор на ООУ„ Гоце Делчев„ Кавадарци;
12. Извештај за извршена самоевалуација на ООУ„Гоце Делчев"Кавадарци за период од 2021/2023 година и 2022/2023 година донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација
13. Развојна Програма на ООУ„Гоце Делчев"Кавадарци за учебната 2023/27 година донесена од Училишен Одбор на ООУ„ Гоце Делчев„ Кавадарци;
14. Извештај за извршена самоевалуација на ООУ„Димката Ангелов Габерот" с.Ваташа за учебната 2021/2022 година и 2022/2023 година донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација .

15. Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците одООУ„Димката АнгеловГаберот“ с.Ваташа за учебната 2023/2024 донесена од Директорот на ООУ„Димката АнгеловГаберот“ с.Ваташа.
16. Предлог- Одлука за доделување на Награда “7ми Септември“;
17. Измена на Програма за Културна Манифестација „Тиквешки Гроздобер 2023“ доставена од Иновaтива Груп ДОО Скопје;
18. Предлог –Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Кавадарци за време на одржувањето на манифестацијата Традиционален фестивал „Гроздобер 2023“;
19. Предлог- Одлука за верификација на мандати на членови на Локален младински совет на Општина Кавадарци;
20. Предлог -Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година
21. Предлог - Одлука за донесување на Конечен Предлог за Урбанистички план за село Раец, Општина Кавадарциплански период 2019-2029;
22. Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за урбана опрема на подрачјето на општина Кавадарци за 2023 година;
23. Предлог-Одлука за отстапување на редовна контрола и одржување на детски игралишта на ЈП Комуналец Кавадарци на територијата на Општина Кавадарци;
24. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од опфат;
25. Предлог-Одлука за заотстапување на редовна контрола и одржување на новоизградени тоалетни кабини (санитарни јазли) на ЈП Комуналец Кавадарци на територијата на Општина Кавадарци;
26. Предлог-Одлука за преместување на спомен обележје –спомен биста на Страшо Пинџур;
27. Предлог-Одлука за усвојување на Елаборатот за проценка на материјални штета за ненаводнети земјоделски површини предизвикани од хаваријата на сифонот – Макарија на левиот магистрален пат КО Дреново - Општина Кавадарци
28. Предлог –Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар посебен дел од објект-просторија на ЈП за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, без надомест .
29. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година за доделување на парична награда на ученици и ментори од основни и средни општински училишта во Општина Кавадарци за посебни постигнувања на државни и меѓународни натпревари.
30. Предлог-Одлука за примање донација – кутивки од Друштво со ограничена одговорност за производство промет и услуги увоз-извоз “ГИНИС” заштитно друштво Прилеп;

31. Предлог-Одлука за промена на назив на установата Установа од областа на културата Културно социјален простор ПОДИУМ-ЈАДРО Кавадрци;
32. Предлог-Одлука за именување на ликвидатор на Установа од областа на културата Културно социјален простор ПОДИУМ-ЈАДРО Кавадрци;
33. Предлог - Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.31/23поведен пред Основен суд Кавадарци.
34. Известувањето со арх.бр. 22.23.6-3993/23 од 12.07.2023 година, за работата на Одделението за внатрешни работи Кавадарци за прво полугодие во 2023 година
35. Извештај за работа на ЈП Комуналец Кавадарци за период од 01.01-30.06.2023 година, донесен од Управен одбор на ЈП Комуналец Кавадарци ;
36. Извештај за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за период од 01.01-30.06.2023 година донесен од Управен одбор на ЈП Комуналец Кавадарци
37. Одлука за давање на времено користење на движна ствар на Територијална противпожарна единица Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП Комуналец Кавадарци ;
38. Годишен план за вработување на ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци за 2024 година донесен од Директорот;
39. Годишен извештај за работата на ЈОУДГ „Рада Поцева"Кавадарци за воспитната 2022/2023 година од Управен одбор;
40. Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Рада Поцева"Кавадарци за воспитната 2023/2024 година донесена од Управен одбор;
41. Извештај за редовното работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџи Василев Јасмин"Кавадарци за прво полугодие од 2023 година донесен од Управен одбор на ЈП"Мито Хаџи Василев Јасмин" Кавадарци.
42. Годишен План за вработување за 2024 година на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџи Василев Јасмин"Кавадарци, донесен од Директорот;
43. Извештајот за работењето на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци за период од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година донесен од Управен одбор;
44. Измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2023 година на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци, донесен од Директорот;
45. Годишен план за вработување на ЈОУ Локален вински музеј за регион Тиквеш –Кавадарци за 2024 година донесен од Директорот;.
46. Одлука за давање согласност на Одлука за давање на движна ствар на трајно користење без надомест на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на денешниот дневен ред .Кој е за. Диме. Ружица. За.

Констатирам дека е усвоен предлогот денешниот дневен ред да се надополни со точка

47.Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;

48. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година(погребални трошоци);
49. Наративен и финансиски извештај по Програмата Културно лето „ГО САКАМ КАВАДАРЦИ 2023", доставена од Иноватива Груп ДОО Скопје;
50. Предлог –Решение за изменување и дополнување на Решение за разрешување и именување на членови во Надзорниот Одбор за контрола над материјално финансискотор работење на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева"Кавадарци.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за отповикување на лице што ги извршило подготовките за регистрација и почеток со работа на установата;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на денешниот дневен ред .Кој е за. Диме. Ружица. За.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред да се дополни со точка 51.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешниот дневен ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за класификација на објектите за спорт во рамки на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на денешниот дневен ред .Кој е за. Диме. Ружица. За.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешниот дневен ред за денешната седница и тоа :

Извештај за извршена самоевалуација на ООУ„Тоде Хаџи Тефов " с.Ваташа за учебната 2021/2022 година и 2022/2023 година донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Годишен План за вработување за 2024 година на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци, донесен од Директорот на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на денешниот дневен ред. Кој е за. Едногласно.

Согласно Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред со нова точка на денешната седница, тоа е последна 55-та точка :

Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за кофинансирање на Проект „ Изградба на Дневен Центар за лица со телесна или ментална попреченост„

Кој е за оваа точка да се внесе во денешниот дневен ред.Диме. Ружица. За.

Дали има некои други предлози за измена и дополнување на вака изменетиот досегашен дневен ред. Доколку нема целиот дневен ред, изменет го ставам на гласање . Повели советниче, се извинувам.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Советнички прашања.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Советнички прашања. Со оглед на 55-те точки ако е неопходно. Да го направиме да бидат однапред најавени и да беше договор при концепирање на денешниот дневен ред. Не, не е никаков проблем, јас точката Советнички прашања ќе ја ставам на гласање, само ќе ве замолам кога ќе имате советнички прашања барем да бидиме запознати кога го правиме дневниот ред да ги ставиме за да се концепира. Во ред предлогот на советникот Јован Златевски за советнички прашања го ставам на гласање. Кој е за. Дали има други. Нема.

Вака изменетиот дневен ред заедно комплетно со промената на точките, редоследот и новите прашања ги ставам на гласање. Кој е за. За. Во ред.

Почитувани советници преминуваме кон разгледување и имплементирање на денешниот дневен ред. Одиме кон првата точка од денешниот дневен ред.

1. Измена и дополнување на Годишен план за вработување на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци за 2023 година донесен од Директорот на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. За. 9 за. 10 за. Против. 6.

2. Годишен план за вработување на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци за 2024 година донесен од Директорот на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци;

Отварам претрес. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Ве молам кој е за. За. Во ред. Против. 6 против. 1 воздржан. Останатите за.

3. Статут на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци;

   Отварам претрес по оваа точка. Кој е за. За.

4. Годишна Програма за работа на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци за учебната 2023/2024 година, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;

   Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Значи Годишната програма во ТХТ Кавадарци. Диме. Едногласно усвоена.

5. Годишна Програма за работа на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци за учебната 2023/2024 година донесена од Училишен Одбор на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци;

   Нема пријавено за претрес. За.

6. Годишна Програма за работа на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Ваташа за учебната 2023/2024 година донесена од Училишен Одбор на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Ваташа;

   Отварам претрес за оваа точка. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање. Кој е за. Кој е против. Кој е воздржан. Заедно едногласно.

7. Годишна Програма за работа на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци за учебната 2023/2024 година донесена од Училишен Одбор на ООУ„ Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;

Повели Мукаетов. Значи тоа е за Тошо Велков Пепето. За сите.

СОВЕТНИК АЛЕКСАНДАР МУКАЕТОВ: Добарден на сите. На Комисија ги разгледавме сите овие годишни програми, развојни програми. Значи немаме никаков проблем, но тука би сакал да ги прашам сите директори на основни училишта дали имат некакви проблеми, дали се спремни за почеток на учебната година и дали имат учебници, па накратко ако може да образложат или не мора сите школи, барем една од школите да каже дали се спремни за почеток на наставата и дали имат добиено бесплатни учебници. Тоа е прашањето. За сите школи важи.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Унифицирано прашање. Сега малце би било еден да повикаме. Од Секторот за образование треба да кажат дали се стигнати. Еве би го повикал бидејќи точката е на Тошо Велков Пепето има ли накратко Директоре ајде.

ДИРЕКТОР НА ООУ ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО САШКО ПАНОВСКИ: Добарден на сите. Почитуван Градоначалник, почитуван Претседател на Совет, почитувани советници. Значи можам да зборувам од името на Тошо Велков Пепето. Значи стигнаа учебници за прво одделение комплет за сите дечиња што ги пријавивме, што ги запишавме и добивме учебници. Тошо Велков Пепето знаете ситуацијата каква е, нас кровот ни тече, ќе почниме, но ни тече. Факт е тоа. Тој дел ќе биде изолиран. Таму нема да работиме и подготвени сме за да

ги дочекаме новите првачиња. Во целина нема друго што. Ако ве интересира, може се да ви одговорам.До 9-то има. Тоа се старите учебници, си ги менуваме само. Од генерација на генерација. Се што ново иде. Не ново нема стигнато. Само за прво одделение стигна. Нови учебници не стигнаа, од второ до деветто не стигнаа. И сами знаете во релативно добра состојба се, па ипак дечињата ги гледаат, ги пазат, ги чуват тие учебници што се стигнати, нешто што ние можеме обновуваме, правиме напори да ги задоволиме сите потреби на учениците . Моментално сега за сега нема промени, има во новата Програма промени, се што ќе дојде, ќе биде благовремено доставено до наставниците и учениците.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Директоре. Само на кратко Градоначалникот бидејќи беше спомнат кровот, горлив проблем. Повели Градоначалниче.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, почитувани директори, почитувана јавност и администрација. Во интензивна комуникација сме со МОН во 23-та година во самата програма ја ставија за тендерирање кровната конструкција на Тошо Велков Пепето, меѓутоа поради финансиската конструкција и финансискиот план кој што нема доволно средства, ставена е со некоја минимална сума, колку да може да се распише тендерот за да влезе во двогодишна набавка за 24-та година да се стави во самиот буџет и да се исплати реконструкцијата на кровот. Јас очекував доколку Владата му го одобре планот на Министерството по сите ветувања и кажувања 11 500 000 ми се чине дека е цела пресметка за реконструкција на кровот , кој што стварно е во лоша состојба да се отпочне со реконструкција, временските прилики може нема баш да ни бидат во поволна ситуација во делот на зимната сезона, али парцијално како ќе дават условите така ќе се работе кровот така да не е заборавен, интензивно се работе, знаете малку посериозна ситуација, заостаната подолго, за жал едно од најновите школи е, ама неквалитетна изведба на кровот или кровната конструкција и очекувам октомври или до крај на септември да биде тендерирано од МОН по сите укажувања и од Министерот и од Шеф на Кабинет на Министерот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

8. Годишна Програма за работа на ООМБУ„Лазо Мицев Рале„ Кавадарци за учебната 2023/2024 година донесена од Училишен Одбор на ООМБУ„Лазо Мицев Рале„ Кавадарци;

Отварам претрес. Кој е за. Едногласно усвоена.

9. Годишна Програма за работа на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци за учебната 2023/2024 година донесена од Училишен Одбор на ООУ„ Страшо Пинџур„ Кавадарци;

Кој е за. За. Во ред. Едногласно.

10. Годишна Програма за работа на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци за учебната 2023/2024 година донесена од Училишен Одбор на ООУ„ Гоце Делчев„ Кавадарци;

Кој е за. За. Едногласно.

11. донесен од Училишен Одбор на ООУ„ Гоце Делчев„ Кавадарци.

Кој е за. За. Едногласно.

12. Извештај за извршена самоевалуација на ООУ„Гоце Делчев"Кавадарци за период од 2021/2023 година и 2022/2023 година донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација.

Отварам претрес. Кој е за. За. Едногласно.

13. Развојна Програма на ООУ„Гоце Делчев"Кавадарци за учебната 2023/27 година донесена од Училишен Одбор на ООУ„ Гоце Делчев„ Кавадарци;

Кој е за. За. Во ред.

14. Извештај за извршена самоевалуација на ООУ„Димката Ангелов Габерот" с.Ваташа за учебната 2021/2022 година и 2022/2023 година донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација

Кој е за. За. Едногласно.

15. Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците одООУ„Димката АнгеловГаберот" с.Ваташа за учебната 2023/2024 донесена од Директорот на ООУ„Димката АнгеловГаберот" с.Ваташа.

Кој е за. За. Добро.

Може да ги ослободиме директорите на основните општински училишта. Ви се заблагодарувам на присуството.

16. Предлог- Одлука за доделување на Награда "7ми Септември";

Го молам Претседателот на Комисијата за празници и манифестации, да не информира. Кој е Претседател. Јован повели.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседавач на Совет, почитувани колеги советници, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Комисијата за празници и манифестации на својата седница донесе одлука за доделување на награда 7-ми Септември. По повод 7-ми септември, Денот на ослободувањето на Град Кавадарци, наградата 7-ми Септември се доделува на д-р Перо Пењушков, за особен интерес и придонес од областа на културата, Перо Ангелов за особен интерес во областа на спортот, проф. д-р Димитрија Ангелков за особен интерес во областа на иновативното творештво

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам. Почитувани колеги советници го слушнавме изборот за овогодинешните кандидати за добитници на 7-мо Септемвриската награда. Дали има претрес и дали има некој збор. Бидејќи никој не бара збор точката со

предложените кандидати за добитници на 7-мо Септемвриска награда ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. За. Со тоа констатираме дека едногласно е помината одлуката за поминување на наградите на 7-ми Септември.

17. Измена на Програма за Културна Манифестација „Тиквешки Гроздобер 2023" доставена од Иноватива Груп ДОО Скопје;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Вуко Мелов.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги советници, Претседател на Совет, Градоначалник, медиуми, граѓани на Општина Кавадарци. Денес пред нас е промената на програмата за Тиквешкиот Гроздобер. Тема која што ја дискутиравме и минатата седница. Јас поставив минатата седница неколку прашања на кои што до денеска немам добиено никаков одговор. Првото прашање, тогаш беа присутни од службите. Како една иста компанија 5, 6 години по ред ја добива доделената надлежност од страна на Општината да ја организира оваа манифестација. Нема ли други компании кои што се занимаваат во Македонија со оваа рбота. Нема ли интерес од страна на други компании. Зошто нема интерес од истите тие компании да се пријават на огласот. Како 5 години, едноставно трагично по ред, една иста компанија ја добива организацијата на Тиквешкиот Гроздобер. Ми беше кажано дека ќе добијам некаков си записник од постапката, меѓутоа до ден денеска, записник немам добиено. Втора работа која што ја дискутираме и сметам дека е скандалозна, а тоа е во дел на наплата на надоместокот на користење на јавен простор, кај што е направена одредена форма, да преку донација му наплаќате на компаниите, односно на ресторанite и на кафиќите кои што сакаат да имаат штандови да им наплаќате и тоа да го книжите како донација и тоа да се прави не на Општината, туку на приватната фирма што сметам дека е незаконско дејствие. Трета работа споменав и минатиот пат и на тоа прашање не добив одговор. Дали има одредени артисти кои што во исто време се наоѓаат и се дел од сопственичката структура на компанијата или се застапувани од страна на компанијата, а компанијата ги ангажира како изведувачи во исто време на Тиквешкиот Гроздобер. И последната работа која што сакам да ја продискутирам во овој дел е во делот на трошоците за карневал, кои што ги зголемуваме сега со промената на програмата од 400 на 500 000 денари, па не ми е јасно за што ќе бидат истрошени тие финансиски средства, бидејќи станува збор за скоро околу 8,5, 9 000 евра, финансиски средства, коишто им се даваат за карневалот. Минатата година бевме сведоци дека имавме едно од најслабите да кажам карневалско дефиле.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Градоначалник повели.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам Претседателе. Значи нит прва, нит последна година ќе биде организирање на Тиквешки Гроздобер, традиција која што е од 1962 година навака, со некакви прекини и благодарение на тоа што било објавено пред 20-тина години, така и ќе продолжи и ќе се организира Тиквешкиот Гроздобер,еден од најстарите настани во државата. Почнал од крајот, значи да, се согласуваме дека лани имавме послабо карневалско дефиле. Тоа беше пред се заради застојот од короната и тешкото организирање на групите кои што доаѓаат професионално на Тиквешкиот Гроздобер и ние кај што учествуваме во делот на други карневалски поставки и групи. Тука има советници со повеќе од 3 мандати, 4 и сигурно знаат подобро и од мене и од тебе што значи еден карневал и на колку карневали они присуствувале надвор од Македонија како збратимени и пријателски групи. Во моментот имаме најавено повеќе од 50 професионални поставки, карневалски професионални и затоа оваа година е издвоен карневалскиот дел да биде посебен од детскиот карневал, кој што каревалски дел ќе биде во сабота, некаде после 18 часот, а детското карневалско дефиле ќе биде во недела ми се чине дека е во 12 или 13 не ме фаќајте за збор. Има најавено повеќе од 5 градоначалници надвор од Р.Македонија, коишто ќе бидат присутни за карневалското дефиле и за самиот фестивал и тоа е наша гордост, чест и заслуга на О. Кавадарци. Во делот на тие 100 000 денара. Зошто се повеќе. Токму заради тоа. За подигање на квалитетот на поставките, на маските, на правењето на самото дефиле и мислам дека оваа година треба да направиме едно дефиле од многу поголемо ниво од претходните години, меѓутоа очекувајте, ако сакаме да го задржиме нивото на тоа дефиле и да останеме во ФЕК групата, како групација кај што сме зачленети, тоа кошта и ќе не кошта многу повеќе во идно време за и ние да учествуваме во други карневали за да доаѓаат тие карневалски групи кај нас. Тоа исто ако не му отидиме, нема да ни дојдат, буквално тоа е таа организација која што треба да се негува. Во делот на Програмата и тоа во изборот на фирмата јас не би дискутирал тука. Оваа година имаше 3,4 компании и имаше комисија, си имаме буџет, само да и кажеме на јавноста дека целокупниот Тиквешки Гроздобер кошта некаде околу 12 000 000 денари за целокупните 4 дена, вклучувајќи ја свечената седница, а завршувајќи недела со огномет после 00 00 часот Општина Кавадарци партиципира од тие 12 000 000 денара само 5 300 000, некаде 45, 46% учествува во бруто реализацијата на финансиската конструкција. Другите финансиски средства се сите донациски обезбедени од компании во Општина Кавадарци и надвор од Општината, наши пријателски компании кои што учествуваат во карневалот и ја сакаат Тиквешијата. И тоа е пак голем успех, да се соберат тие средствадонациски и обврска на собирањето на тие средства, не е на Општина Кавадарци, него е на компанијата која што ја има делигирано обврската да ги тие средства собере и да си ги

исплате нормално трошковите. За целата работа како што викаш не знам, ќе знаеш кога ќе заврше здрави, живи карневалот, во дадениот рок како што е делигирана обврската ќе си добиете финасиски извештај со изводи од тековни сметки, со изводи од банки и со потрошени средства да тие средства се оправдат и донациските и оние Општина Кавадарци што ги партиципира во делот на Тиквешкиот Гроздобер. Доколку има таму некои забелешки, не дај боже неисправности, тогаш може да дискутираме, сега унапред не можеме да судиме или да кажиме било што. Во делот на артисти, кои што настапуваат, нит јас ги бирам артистите, нит ник не можелично да ги одбере, затоа што да донесите еден артист и да го заангажирате за Тиквешкиот Гроздобер треба да се погодат 3 работи. Прво да е во состојба да настапе, второ да е слободен, трето терминот кој што ние го имаме да му одговара за таа работа, оти секој си планира концерти, па на други места и било како, така да се бират по 3 основи и по публицитетот, меѓутоа и кои се слободни. Ние многу пати сме сакале да донесиме некој артист, меѓутоа за жал во тој период секогаш е неслободен и не можиме да го донесиме, не дека не сака да дојде или било како, меѓутоа тоа се менаџира уште од месец февруари, март за да се договоре во месец септември прелиминарно да настапе. Имаме ситуации каде што веќе и на преддоговори некои артисти отстапуваат од хх причини, дали се здравствени, дали се од други работи, така да тое на артистот, жива материја, да може да го откаже својот настап од оправдани причини или лични причини. Немој да го оцрнуваме Тиквешкиот Гроздобер, затоа што мислам дека последните години посетеноста е многу масовна, го дигнавме на едно ниво добро, а самото тоа покажува дека бројот на учесници во донациски дел се повеќе од 70 компании. Сега 70 компании ако доброволно, самоволно пуштаат средства на Општина Кавадарци преку делигираната компанија, која што Општина Кавадарци на некој начин одговара за тие средства и треба да се даде отчет, мислам доволно кажува дека имаат луѓето доверие во таа и дека нема ништо да биде злоупотребено. Сите работи се земени во предвид и во делот на советници и во делот на раководители на сектори, за да може секоја делегација која што ќе стигне да биде соодветно и пречекана и сместена и издружена и на крајот да биде испратена соодветно во делот на Тиквешкиот Гроздобер и оставајќи впечаток на нашиот домаќинлак и култура која што ја имаме во Општина Кавадарци. Тука имаме простор да разговараме многу и никогаш нема да се спогодиме сите заедно дали е едното добро, дали е другото, дали е трето. Ако е целта да го омаловажиме Тиквешкиот Гроздобер, како што го омаловажија Пиво Фестот во Прилеп јас нема да дозволам да се случи тоа и ќе стојам на ставот и цврсто стоиме дека Тиквешки Гроздобер е традиција која што не заслужува никој да ја негира или пак да ја омаловаже, не зборувам за тебе лично, општо за било кој

да ние дојдиме во ситуација да сами си го изнегираме нешто кое што е градено со повеќе од 50, 60 години, за денеска ние само да го организираме. Јас јавно ги поканувам сите жители на Општина Кавадарци, сите жители на Р. Македонија и нормално сите институции кои што соодветно ќе си добијат и покани и за делот на свечената седница и на свечениот прием кој што ќе го организираме оваа година за првпат во Винскиот Музеј и на дефилето кое што ќе биде во делот на карневалот, означувањето на карневалот почетокот на карневалот, а посебно културно уметничката забава кој кај се пронаоѓа, така веројатно и ќе се дружи. Во делот на она што го споменавте, заборавив да кажам на издавањето на простор, значи на некој начин мора да се регулира и тоа издавање на простор, ние како Општина овозможуваме да секоједен заинтересиран, поготово со приоритет од Општина Кавадарци земе место и си земе штанд. Ако има и денеска некој заинтересиран, а не земал до денеска ќе му најдиме место и во делот на малото паркче се организирани скарите и музиката традиционална и во делот на градскиот плоштад каде што е манифестацијата од вечерните карактери, така да мислам дека не знам на кој друг начин би овозможиле ние да тоа го организираме. Организацијата не е мала за таа работа, одговорноста е преголема, се работе повеќе од 2 месеца на сообраќајни проекти и на безбедносни мерки и на институционални програми кои што треба да го организираат пошто очекуваме маса на луѓе од поголем обем во делот на културно уметничката програма и на самото дефиле и детското и професионалното дефиле. Влезот во градот нема да биде ограничен, паркингот во сите 3 дена ќе биде бесплатен во Општина Кавадарци и влез и паркинг бесплатен, притоа ќе биде и организиран како паркинг. Луѓето од ЈП Паркинзи заедно со волонтери кои што треба да ги заангажира и компанијата која што има делигирано правото за ангажирање на Тиквешкиот Гроздобер и Гроздоберче, да има организиран паркинг, влез, пунктови и сместај на луѓето, сместај на автомобилите, да се осетат удоволени. При влез на секој автомобил е му биде доделено по едно гровче, грозје спакувано културно, со логото на Општина Кавадарци, со логото на Гроздоберот. Очекувам тука да се пронајдат сите и според возраст, според она што ги исполнува како културно уметничка програма и нормално да оставиме добар впечаток за догодина имаме уште повеќе посетители во делот на Тиквешкиот Гроздобер. Лично од пред 5 години воведовме за време на времетраење на Тиквешки Гроздобер и на официјалните штандови се забранува, таму каде што ги издаваат штандовите, официјалните, се забранува продажба на било каков друг алкохол, освен на вино и производи од вино. Да не се вратиме назад од пред 5,6 години кога организиравме на Тиквешки Гроздобер продававме пиво на плоштадот. Така да мислам дека некое ниво изградивме и изградивме некоја бариера да на виното му дадеме значење, му дадеме значење на производите од

грозје и мислам дека тоа е ние што можеме вака од најмалку да направиме и очекувам сите и советници и без разлика на политичките партии и припадности да земите активно учество во делот на Гроздоберот и активно да се покажиме како добри домаќини, без разлика кој на која политичка партија припаѓа или кој гостин од која политичка партија доаѓа, сплотени заедно сите да си одбележиме нашиот најголем празник.Тоа е Ослободувањето на Кавадарци и Тиквешкиот Гроздобер. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам. Повели реплика.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Овака. Во однос на Тиквешкиот Гроздобер верувам дека никој нема дилема од нас дека станува збор за еден настан кој што е една традиција наша, едно одбележје да кажам на Општина Кавадарци, меѓутоа дебатата околу начинот на тоа како треба истата да се организира и да изгледа мислам дека е сосема соодветна и тоа треба овде да го правиме ние. Ќе почнам од артистите. Мислам дека треба да се заинтересираме дали самата компанија си ангажира артисти на кои што во исто време или им е застапник и менаџер или во исто време се наоѓа во делот на она што претставува сопственичка структура заради тоа што на таков начин во суштина се руши кредибилитетот на една организација, односно на еден настан. Ако има такви моменти, а сите сме свесни и знаеме дека има. Втора работа, точно е дека Општината учествува некаде половина од финасиските средства, кои што ги дава од буџетот на Општината, меѓутоа другата половина се обезбедува од донации. Проблемот е што во делот на донациите вие ги ставате оној надоместок кој што им го наплаќате на оние лица кои што држат штандови. Дали ако приватната компанија има земено пренесена надлежност да ја направе организацијата на Тиквешкиот Гроздобер, дали истата има пренесено надлежност да наплаќа користење на јавен простор, бидејќи тоа не е донација. Донација е на доброволна основа да донира за да се помогне одредена организација и затоа сметам дека од тој аспект таа работа е спорна и трета работа заслужуваме барем ние како советници, дај да видиме таа комисија што работе и како одлучува. Зошто до денешната седница не се доставени записниците да видиме кои копании се пријавиле, како се отфрлени другите компании, кои критериуми се ставиле. Овака излева многу затворен просторот и ако му мислиме добро на овој град и на оваа манифестација треба да работиме транспарентно и да им биде јасно на граѓаните, а не нас како советници не ни се јасни овие некои работи да кажам. Нема потреба да се крие. Дај да ги видиме записниците и да видиме како една иста компанија 5 години по ред ја добива оваа работа. Може не се пријавуваат други компании, да ги видиме условите кои се, можеби се пријавуваат други компании, да видиме зошто не се избрани тие. Нема потреба ништо да криеме ние, ако е се транспарентно и отворено.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас колку што знам има Комисија за културни манифестации и составена е од повеќе членови. Сега не знам кој е Претседател на комисијата и истите понуди кои што се дадени се разгледани на Комисијата и од Комисијата се бодирани и така е делегирана самиот настан на одредена компанија, а инаку сега ни пратија договор во делот на тоа како му издаваат штандови, не му издават, тоа гласи договор за делумна соработка. Сите оние кои што зимаат штанд и учествуваат на штандот имаат договор за делумна соработка помеѓу компанијата која што има делигирано обврски и компанијата која што зима договор за делумна соработка и во договорот пишува убаво кои обврски ги има организаторот, кои обврски ги има другата компанија како учесник во делот на Тиквешкиот Гроздобер. Така да после Гроздоберот ќе си добиете извештај, ќе ги гледате, а во делот на Комисијата и во делот на делегирањето на обврските, јас мислам дека транспарентноста сигурно била покриена, а и со самото тоа што Општина Кавадарци е 97,5% во делот на транспарентноста не гледам дека тука некој крие нешто или сака да направе нешто друго. Во делот на сопственичката структура на некои други компании, не навлегуваме утре може тоа да биде променлива работа и кои артисти на кои му е сопружник, па дали утре ќе биде во брак или нема да биде, па дали бил дел од оснивачки влог или не бил, тоа е веќе жива материја, а артистите за мене се уметници кои што без разлика немат ограничувања во делот на настапот и немат хендикеп дали сопругот му бил градоначалник или бил министер, па сега не смее да настапе на некаква сцена. Мислам дека не се ограничени во тој дел.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници јас ќе изложам некое мое гледиште околу самата, иако сега зборуваме за Програмата за културната манифестација за Тиквешки Гроздобер, оваа точка беше помината на претходниот Совет околу самиот Тиквешки Гроздобер, бидејќи сме во предвечерието на оваа културна манифестација која е 5 децении веќе функционира на територијата на Општина Кавадарци, нашиот наголем белег како град. Сметам дека организацијата на самата културна манифестација Тиквешки Гроздобер не е привилегија на Градоначалникот, тоа е обврска на сите жители на Општина Кавадарци, а негова најголема како прв избран, така да во имплементирање на самата програма и во имплементирање на самиот настан треба да се вклучиме сите и како советници и како чинители и претставници на нашите сограѓани. Има еден друг проблем што според мене не сме на висина на задача, пред се како Совет, како во текот на минатата година кога има културни манифестации и ние на жал секогаш политиката во овие 30 години или тешко тешко миниме и во моменти кога треба да оставиме, настрана да пружиме заедништво треба да се поработи прилично на тоа поле. Сметам дека оваа година и повикувам да биде така, се слагам дека во минатата година имаше одредени потфрлувања, како што кажа и Градоначалникот, пред се со кареневалски групи. На

свечената седница на Совет имаше проблем со сместувањето на советниците, тоа оваа година ќе биде обврската и грешката беше моја, сам си ја признав, оваа година ќе биде средено. Така да сите забелешки, кога се разговараат во духот на демократијата и во духот на разбраноста сметам дека ќе треба да се надминат. Мое гледиште е да не фрламе лоша црна слика пред почетокот на саматакултурна манифестација Тиквешки Гроздобер, да повикаме на една сполотеност, заедништо сите, пред се како Совет, како Градоначалник, општинска администрација, да пружиме едно единство во овие 3-4 дена за и луѓето кои доаѓаат од страна да гледат дека тука е нешто поразлично од нашата држава. Тоа зависи само од нас, не зависи од никој друг. Значи пристапот кон општеството и менување зависи од нас. Ние ако можиме и сакаме да го смениме, ќе го смениме, ако не ќе биде како што е, ама тоа не воде добро и развој ниту на градот, ниту на државата. За жал тука е сега така. Според мене, тука како Совет би апелирал оваа година добивте сите програма за Тиквешки гроздобер, добивте покани за свечената седница, добивте покани за дефилето карневалско, свечен прием кај Градоначалникот, така да да се обединиме, да покажеме една слика за гостите од страна и нашите збратимени градови, нашите пријатели кога ќе дојдат во Град Кавадарци, да си одат во едно прекрасно расположение, а за тоа сите сме обврзни и заслугата ќе биде заедничка. Значи уште еднаш спомнав привилегијата на Градоначалникот не е, туку е обврска негова, а заеднички организација он и сите ние. Дали има некој друг збор. Повели Мелов.Зборуваме за контра реплика или зборуваме за гледиште. За реплика моја. Добро повели.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колку што се сеќавам минатата година во финасиската конструкција, односно финансискиот извештај кој што ни го даде самата компанија назад, таму не стоеше дека имале некаквиси договори за деловна соработка, туку стоеше износи на донации, компании кои што донирале. Морам да го напоменам тоа. Претседателе репликата ми е конкретно на тебе.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: За што е репликата.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Репликата е конкретно на тоа. Сакам да ти кажам. Остави ме да се докажам сега. Значи Претседателе ова е Совет на Општина Кавадарци. Во овој Совет на Општина Кавадарци треба да ги отвориме сите оние прашања кои што сметаме дека се важни за граѓаните на Општина Кавадарци и јас не гледам проблем и не гледам зошто се нервираш кога некој дискутира и отвара дилеми , кој што смета дека се дилеми во однос на. Зошто ме прекинуваш сега. Остави ме да се докажам сега.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Не може ист говор на тројца различни личности истото да го кажиш. Што е смислата на твојата реплика.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Претседателе 20 секунди и завршувам.. Ова е Совет на Општина Кавадарци и тука има секој легитимно право да

зборува за се она што претставува интерес на граѓаните на Општина Кавадарци и за се она што смета дека е сомнително, се со цел да не го повтори, бидејќи само на тија начин не можеме да оставиме дамка на оваа Општина и на овој град и не е спорно ако некој отворе одредена дебата за одредени работи кои што се спорни и не треба да се нервираш за тоа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Не се нервирам. Еве јас не ти реплицирам во интерес на времето и во интерес на обемниот дневен ред.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас само морам Претседателе да дополнам. Спомна советникот сомнително. Секој што има нешто сомнително, независно дали е советник или граѓанин да си го пријаве до соодветните институции. Ако некој живее во параноја и се му е сомнително, ќе си одговара за тоа, за лажно пријавување. Значи и јас многу сомнителни работи имам, ама се испитувам самиот себе 10 пати пред да пријавам било што, а сум пријавил многу работи. И во делот на тоа сомнително охрабрувам секој што има сомнително, без разлика дали е администрација,граѓанин, советник или било кој да соодветно си го процесуира до надлежна институција. Така да немој да сомнежот го чувате во себе, тоа не е убаво, тогаш сте соучесници за таа работа.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Прво колега да ти реплицирам за тоа не го гледаме финансискиот извештај на организаторот на Гроздоберот. Друго сите знаеме, а и вие многу убаво знаете дека како се бира на тендер фирма. Се пријавуваат повеќе фирми, кои што ги исполнуваат условите, кои што може да одговорат. Вие цело време алудирате на тоа дека е иста компанија. А колку мислите компании во Македонија има што се бават со таква работа и во секој случај ако имате нешто, има тендер, секој што го воде тендерот, комисијата за тендери одговара за тоа што го воде, не е туку така врз основа на документација на документи,не на некој нешто што му текнало и што зборува зошто вака. Сите тендери знаемедека се на јавен повик. Во јавниот повик се поставуваат услови кои што треба да ги исполне дотичната организација, компанија каде што го организира. Што треба да направиме сега. Зошто таа фирма била 5 години. А знаете ли колку фирми се. Две фирми се на се во Македонија. И зошто така ширите невистини спрема граѓанството тука во Кавадарци дека има нешто сомнително во делот на таа компанија што ја зима организацијата на Гроздоберот. Воа не влеќе колега уште од ти кога си на мандат. Јас бев и во претходниот мандат и знам од кај потекнуваат сите овие работи зошто баш оваа фирма. И не наседнувајте на некои провокации што ги имате од некои други колеги ваши. Толку.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колешке јас само поставувам прашање. Од Претседателот на Совет и од Секторот култура беше речено дека записникот кај што е цела постапка, заедно со критериумите, заедно цела постапка, заедно изборот на фирмата да ни биде доставен. Мене до ден денеска не ми е доставен и мене не ми е јасно како е избрана. Кога.Понатаму.Е заради ова ги отвараме овие прашања.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитуван Претседателе, Градоначалник, колеги советници и останати. Акцентот ќе го дадам само на обврските на советниците. Ние како советници овие 4 дена што треба да правиме и како треба да бидиме, во кое светло, нашето ниво на култура и ред други работи, пошто искуството на мојата страна е големо. Јас скоро секаде сум бил, кога сме биле збратимени, респектот спрема советниците и делегациите е многу голем. Сега минатата година анализирав, имав замерка мала према Претседателот и тоа што првпат му е, веројатно овој нема да биде таков како ланскиот, а не е замерката некоја било каква или некоја грешка голема, него групирањето што го има направено Претседателот со пречек на гостите, ние обично уназад 4, 5 мандати го правевме мешано советници и тоа по пол и по политичка припадност за да се осеќаме подобро. Минатата година беше еднобојно. Претседателе тоа може е ненамерно, може мислиш дека 10 советници ги носат сите одлуки, дека само тие треба да учествуваат во привилегиите на Гроздоберот, ама мислам дека сега оваа година не размислуваш така. Колеги да не гледаме тендери тоа како било, што било, сега треба ние да мислиме како ќе ги пречекаме гостите, да немаме некои ограничувања, нивото на култура, да се организираме некој паркинг да имаме само за гостите, да не лутаат, пошто идат на прием кај Градоначалникот пола саат, саат нема да најдат простор. Тоа да се договориме Градоначалник. Еден дел или два дела некаде да биде само за тие гости, значи да се слободни, да паркираат пошто носат некој багаж, треба да дадат некои поклони, пак носат поклон во кола, тука да сме добри и да бидеме добри домаќини, гостите да се осеќаат добро. Ние сега немаме време да расправаме програми, колешката Весна и она реплицира према Вукето. Колешке кога нешто не се брани, не го брани. Штом јас не го бранам, значи не се брани тоа, али тоа е завршена работа. Не се слагаме. Тоа сега остави го сега. Ние сега 3 дена идат гости, тоа го расправаме, тоа има време да го расправаме до Нова Година, само да се сконцентрираме на добри домаќини, да нема ограничување, пошто имало примери кога доаѓаат гости и администраторот вика да до 300 денари гостите да јадат, 300 денари е една чаша вино. Тука да бидиме флексибилни. Да не му најавиме на гостите колку да јадат. Значи за ограничено тој ич не ни јаде. Значи тука да сме добри домаќини. После ние ќе си го најдиме есапот, после Гроздоберот ако некој направе пречекорување минус или плус, фала Богу Градоначалникот се плаќа, а и тука на таа тема да збориме. Весне тие таквите теми болните теми со Вукето после на ручек правете ги.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Советниче еве ќе се повикам на твоето искуство оваа година во Одборот за пречек би ми било драго и чест да бидиш и ти, бидејќи од овој Совет ти имаш најголемо искуство и прилично имаш доста посети направено, пред се заради стажот што го имаш како советник во 2,3 мандати или 4 беа мислам. 6. Извини.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Да не се надополнувам, меѓутоа секој што сака да земе активно учество од советниците на секоја покана која што ќе ја пратиме и барање, треба да се произнесе. Не може ние во неизвесност да чекаме дали едната група советнички или другата ќе земе учество. Ние имаме опструкции од едната страна, не зимат учество и затоа ти стое тебе еднобојно. Далеку од еднобојно. Секој има право да си превземе делегација и да си ја воде делегацијата, а за тоа да се произнесе, да каже Да јас ќе земам учество. Ако не земам учество, како да му ја дадиме делегацијата. Со сила. Во тој дел за да биде се навремено организирано.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Мислам во текот на овие 2 години имаше можност секој советник, тој што имаше желба да изоде настрана кај нашите збратимени градови, така да се надевам дека сите имаме можност да превземиме таква обврска.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, колеги советници, медиуми, почитувани граѓани. Значи со искуство од претходните години како е организиран Тиквешкиот Гроздобер од страна на оваа т.н. фамозна компанија како некој од советниците или сомнително како што сакат да ја кажат, јас гледам дека организацијата секоја година е во најможен добар ред. Убеден сум дека ќе биде и оваа година. Оваа година имаме 4-дневна богата програма и јас оваа измена на Програмата за Тиквешкиот Гроздобер е ја гласам за , а исто и советничката група на ВМРО ДПМНЕ ќе ја гласа за.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани колеги советници, почитуван Градоначалник, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Основна одреденица на нас советниците за која што сме добиле мандатот да ги застапуваме интересите на граѓаните на Општина Кавадарци. Затоа и минатиот пат кога ја имавме на разгледување програмата за Тиквешкиот Гроздобер, ја отвори проблематиката со финансиската надокнада на локалните бендови кои треба да настапуваат на Тиквешкиот Гроздобер. Дајте да се заложиме да стане престиж, да се настапува, еден локален бенд да настапува на Тиквешкиот Гроздобер. Цената која што беше првично одредена за надокнада на настапот на локалните бендови беше смешна и за мене потценувачка, земајќи во обзир дека таа е 0,1 % од целиот колач на Гроздоберот, на финансиската вредност на Гроздоберот. 9000 денари да се даде за локален бенд да настапува, визави сумите што ги одвојуваме за другите групи за мене е разочарувачко. Сега пред почетокот на седницата ја прашав претставничката од Сектор култура дали има измени во тој дел, затоа што во измената на програмата не го видов. Ми кажа дека по регулирање на техничките грешки била утврдена сума од 18 000 денари. По мене можеби ова сума не е потценувачка, но исто така е мала сума. Сметам дека минимумот треба да биде барем 30 000 денари од група, а да се залагаме наредната година секој бенд да добива по 1000 евра, локален, да биде престиж да се настапува на

Тиквешкиот Гроздобер, да сакаат групи се повеќе и повеќе и тој број на групи што го ангажираме да се дуплира. Ако оваа година е 6 , наредната нека биде 10 и нека биде се поголема финасиската надокнада за нив, затоа што оваа е локална манифестација. Ако тука не ги промовираме и не ги стимулираме локалните вредности на Општината, тогаш каде. Благодарам. Затоа што, само една реченица да кажам, затоа што наши групи настапуваат на други манифестации надвор од Општина Кавадарци, добиваат многу поголема сума за тоа. Сметам дека мораме да ги наградиме, односно соодветно да ги вреднуваме локалните вредности.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, колеги советници, медиуми, присутни, почитувани граѓани. Денес на дневен ред ни е точката за изменување и дополнување на културната манифестација Тиквешки Гроздобер 2023 година. Согласно програмата која што ја добив ова е една доста богата културно уметничка програма која што ќе ја видат не само нашите граѓани, него и пошироко целата јавност. Сметам дека на овој Гроздобер , по оваа програма би требало да го надминиме бројот на гости кој што го имавме од ланската година. Многу ми е битно само да не пукне срам како манифестацијата во Крива Паланка, каде што по порталите се пишува Градоначалникот се поздравува, а не знае со кого. Сакате да ви ја прочитам сторијата. Не. Добро. Ќе може да ја видите, ја има на Лидер. Сакам да ви кажам дека организацијата на Тиквешкиот Гроздобер не треба да биде репер или од таа страна што гледате како се прават манифестациите, па ги пренесувате. Значи ова е една доста богата културно уметничка програма. Уште еднаш ќе кажам нашата богата културно уметничка програма, која што ваа програма јас лично како советник успеав на повеќе од 20,30 мои гости од страна да ги поканам, да дојдат, да бидат присутни и да видат како изгледа тоа сето кај нас. Ве повикувам и вас доколку сте во можност да ги повикате вашите гости да дојдат тука, да го посетат Гроздоберот и да го збогатат овој Гроздобер. Овоа е една прекрасна манифестација и непотребно треба да фрламе црни точки околу оваа точк, така да сметам дека сите оние други прашања кои што се поврзани со Гроздоберот може надокнадно да се добијат од страна на службите по писмен или по усмен пат.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник, колеги советници, медиуми, сограѓани. Тиквешкиот традиционален Гроздобер според мене го гледам од 4 суштински работи, дела значи по што е претпознатлив во Р. Македонија, во Балканот и поширокозначи. Прво треба да знаеме, сите го знаат тоа дека 7-ми Септември го одбележуваме Денот на ослободувањето на Кавадарци, 1944 година, каде што ја доделуваме и највисоката 7-мо Септемврска награда. Значи 8 Септември 1961 година е Денот на независноста на Република Македонија каде што е исто така исполнета

богата културна програма, трето одржуваме еден од најголемите кареневали. Како што спомна и во контекст на Градоначалникот ние и Струмица моментално сме единствени учесници во ФЕК,значи и претходно што беа Прилеп и Вевчани, мислам дека сега не се. Значи го задржуваме тој традиционален однос каде што сме претпознатливи во Балканот и во Европа и сме учесници во меѓународните карневали, а исто и тие така учествуваат кај нас. И четврта работа која што е најбитна и затоа и се вика Тиквешки Гроздобер е симболично одбележување како ден на бербата на винското грозје и значи таа симболика значи ја одбележуваме сите лозари, односно сограѓани наши од кои и ние. Значи целиот труд што сме го вложиле во оваа година, значи тие денови како симболика баш во тие денови се одбележува ден на отпочнување на берба на тоа грозје и се надеваме оваа година дека ќе имаме повисоки цени на откупот на грозјето и ќе бидат граѓаните што се лозари задоволни. Само еден податок од Раководителот на Секторот за култура, значи колку се вложува во Општина Кавадарци, ние моментално во неколку дена што ќе престојуваат овде ќе имаме едно 170 учесници во групи во карневалот и околу 40-50 делегации, односно градоначалници, советници, претставници од други општини од Македонија и од пошироко, од Балканот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Бидејќи е исцрпрн претресот по оваа точка, точката Предлог –Програма за културна манифестација Тиквешки Гроздобер 2023-та донесена од Иноватива Груп ДОО Скопје ја ставам на гласање. Кој е за. За 10. Кој е воздржан. Кој е против. 5.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас морам лично да ви се заблагодарам на советничката група на СДСМ и Коалицијата за гласањето против Програмата за Тиквешки Гроздобер и мислам дека треба да се засрамите за оваа работа, лично ова е мое мислење, нема да го сфатите вие лично, знам како гласате . Може да гласате против мене, против ВМРО, против сите, ама против самите себе, да се уништувате, ова не доликува на ништо, али е сепак ваше легитимно право. Нека гледаат оние коишто ве гласале и што ве подржале во Општина Кавадарци како се произнесувате со нивниот глас и како го злоупотребувате во делот на најголемиот празник Ослободувањето на Кавадарци, 7-мо Септемвриските награди, Тиквешкиот Гроздобер и Програмата за Тиквешки Гроздобер.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи вака. Не гласаме против никој против само оние оние наши забелешки и недумици кои што ги имаме во однос и на програма и на избор на компанија тоа е причината Градоначалник зошто не гласаме и од тоа апсолутно немам причина зошто да се срамам. Начинот на кој што сте ја воделе постапката и начинот на кој што сте ја бирале компанијата и начинот на кој што ги собирате донациите, не знам дали треба да се срамиме ние или вие.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи во ред тоа е твое мислење. Јас прегеска кажав секој што има сомнеж да си поднесе до соодветни институции, доколку

има сомнеж, а не си ти тука воопшто да пресудиш или да кажиш било како дали е тоа сомнително, дали не е сомнително или било што.

18. Предлог –Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Кавадарци за време на одржувањето на манифестацијата Традиционален фестивал „Гроздобер 2023";

Отварам претрес. Никој не бара збор. Кој е за. За. Едногласно.

19. Предлог- Одлука за верификација на мандати на членови на Локален младински совет на Општина Кавадарци;

Отварам претрес. Кој е за. За. 1 воздржан. Останатите се за. 18.

20. Предлог -Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година.

Кој е за. 1 против. Останатите за.

21. Предлог - Одлука за донесување на Конечен Предлог за Урбанистички план за село Раец, Општина Кавадарци плански период 2019-2029;

Кој е за. За.

22. Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за урбана опрема на подрачјето на општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Кој е за. За.

23. Предлог-Одлука за отстапување на редовна контрола и одржување на детски игралишта на ЈП Комуналец Кавадарци на територијата на Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. За. Едногласно усвоена.

24. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од опфат;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. 16 за. 1 воздржан .

25. Предлог-Одлука за отстапување на редовна контрола и одржување на новоизградени тоалетни кабини (санитарни јазли) на ЈП Комуналец Кавадарци на територијата на Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. За. Едногласно е усвоена.

26. Предлог-Одлука за преместување на спомен обележје –спомен биста на Страшо Пинџур;

Отварам претрес. Повели Николов.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитувани значи оваа точка на дневен ред стигна како резултат на барање на граѓаните од Ваташа. Станува збор за бистата на Страшо Пинџур, во природна големина, кој што се наоѓа во пранешниот Дрвен Комбинат истоимениот Страшо Пинџур и со истото усвојување на оваа точка би овозможиле оваа биста од таму биде пренесена во родното место на Страшо Пинџур и поставена на соодветно место кај што ќе можат младите да го посетуваат оваа место, да се дружат и да имаат убаво поминати моменти и истата таа да биде зачувана и одржана во добра кондиција.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кој е за. За. Едногласно усвоена..

27. Предлог-Одлука за усвојување на Елаборатот за проценка на материјални штета за ненаводнети земјоделски површини предизвикани од хаваријата на сифонот – Макарија на левиот магистрален пат КО Дреново - Општина Кавадарци.

Отварам претрес по оваа точка. Повели Перо Николов .

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитувани советници, Градоначалник, Претседател на Совет, почитувани медиуми, граѓани на Општина Кавадарци. Оваа точка на дневен ред е ставена како резултат на работа на Комисијата за земјоделие, меѓутоа земав збор да кажам дека во текот на работењето на Комисијата за земјоделие на последната одржана седница беше спомнато и донесен заклучок каде што се побарува од надлежните институции, односно Владата на Р. Македонија, МЗШВ да се добие точен одговор на барањето кое што е доставено од Здружението на Тиквешки лозари и овоштари од Кавадарци преку Националната Земјоделска мрежа, кое што барање е доставено до 16 јули 2023 година. Во ова барање тие бараат да се прогласи елементарна непогода од страна на Владата за да можат лозарите и овоштарите да бидат соодветно обештетени, барање за усогласување на водниот надомест, пошто дел од земјоделците поради штетите кои се предизвикани од болести, да бидат целосно ослободени и од овој трошок, да се изврши исплата на средствата од суша кој што беше со Елаборат од 2021 година ми се чине, а сеуште не им се исплатени на земјоделците, па би сакал да ги информирам граѓаните дека ова барање е процесирано и дека чекаме одговор од страна на Владата и Министерството да видиме до каде се стигнати овие работи и дали можеме ние како Локална Самоуправа, како советници да постигниме нешто во целата работа за подобрување на состојбата во лозарството во Кавадарци и Тиквешијата.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувани колеги советници, присутни, Претседател на Совет и Градоначалник. Значи на Комисија за земјоделие го разгледавме елаборатот што беше изготвен по повод, поради повикот на Влада на Р. Северна Македонија за обештетување на сите лозари кои претрпија штета поради тоа што не беше функционален системот за наводнување, поради настаната штета во делот на системот за наводнување Макарија, каде што навистина Министерството за земјоделие со сите други институции, заедно со АД Водостопанство направија навистина голема работа што за краток рок од месец, односно 45 дена успеа да се среди системот, односно да профункционира. Направената хаварија направи голема штета и таа реконструкција, односно надминување на штетата беше со висок износ на финансиски средства. Значи не беше мала работа. За 1 300 000 евра беше штетата, средствата кои што беа експресно обезбедени од буџетот и целата постапка беше навистина брза и ефикасна колку

што може, но секако дека штета претрпија лозарите и со овој елаборат ќе испадниме во пресрет на тие лозари кои што се од нашата општина. Значи поголема штета имат лозарите од Општина Росоман, но и од нашата општина имаше 29 барања и елаборатот е изготвен, испратен е во Министерството, така да ќе ја следиме состојбата и ќе гледаме што може побрзо тие средства да стигнат до нашите лозари. На самата Комисија имаше доставено барање од Националната мрежа на земјоделците во врска со неколку нивни барања, во делот што ги имат како проблем посебен кој се јавува оваа година и ние како Комисија дадовме подршка да побргу и понавремено им одговорат на овие лозари и морам да кажам дека исто така и лозарите се во контакт со Министерството и се се прави за да може да се надмине ситуацијата и со лоазрството, како и со другите земјоделски гранки. Лозарството е навистина болна точка и периодот кога ќе дојде Гроздобер и околу цена и околу сите постапки, што се поврзани со Гроздоберот и секогаш Министерството стои на располагање, колку што знаеме и минатата година, очекувам и оваа година да им испадне во пресрет колку што може, значи нормално во во рамките на своите можности, затоа што станува збор за ограничени ресурси и не може како Министерство да испадне во пресрет за сите штети што ги претрпеле пради временски непогоди и болести, да Министерството ги надокнади тие заради тоа што се само лозарите, нели имаме и други земјоделци во државата, кои што исто претрпуваат штети по различни основи и барат оштета од Министерството, но нормално лозарите треба да си барат, ние како Совет треба да им дадеме подршка и тука сме, значи се што можеме да помогнеме за понавремено се разгледат нивните барања и да се дадат одговори кои што биле во нивен прилог. Значи тука беше спомнатао како барање во делот на субенционирање. Значи има најавено промена во субвенционирањето на земјоделските, односно на лозарските насади. Значи ќе добиеме точна информација дали од оваа година ќе стартува новиот систем за субвенционирање или ќе има промени затоа што лозарите барат да биде субвенционирањето по стариот систем токму заради тоа што имаме елементарна непогода, суша, многу болести итн. Значи законска можност да се обештетат лозарите поради елементарна непогода за суша има, но законска можност за обештетување на лозарите поради болести тука има проблем. Значи тука нема да може тоа да се направи. Друго значи ние новиот систем за субвенционирање на лозарите беше планиран и е во процедура токму заради праведен систем. Значи многу пати зборуваме дека лозарите не се праведно субвенционирани. Значи дали, кој, колку набрал и како го одгледува земјоделието, досега лозјето сите имаат субвенции. Новиот систем за субвенционирање е токму во тоа. Тој што вложува и сака да произведе грозје и произведува повеќе, да добие повеќе субвенции, а тој што грозјето го чува само заради субвенции да не биде награден во тој дел. Навистина оваа година има

проблем со одгледувањето, со болести, со суша, но мое мислење и како Совет, а и Министерството како земјоделие најмногу треба да се насочиме во едукација на земјопроизводителите, односно во лозаропроизводителите, затоа што пак има ситуации кога ќе ги прашаме некои лозаропроизводители ја надминале болеста со навремено прскање, со соодветна заштита, а кај некои лозаропроизводители тоа не е случај. Значи едукација треба повисока и тоа тука ние што можеме да помогнеме како Совет треба да видиме и секако Министерството за земјоделие тука треба исто повеќе да се заложи и друго е подобра организација на лозаропроизводителите, односно нивните лидери да се борат за правата на лозарите што е можно повеќе. Затоа што тоа е секако борба, пазар, каде што лозаропроизводителите заедно со винариите треба да се изборат за поправична ситуација, тука е Министерството за земјоделие и сметам пак дека Министерството за земјоделие ќе излезе во пресрет на лозаропроизводителите. Ќе видиме. Значи сега е постапката кога се утврдуваат цени, количини и како ќе заврши целиот процес ќе видиме, но сега ние како Совет им стоиме тука на располагање на лозаропроизводителите и се надеваме дека колку ќе успееме да ги заштитиме и да ги обештетиме, тоа времето ќе покаже.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Само да и реплицирам на колешката. Значи далеку од експресно беше направен каналот. Да беше експресно, немаше и да има проценка на штети и елаборати правење една работа, а друга работа субвенциите не се награда. Ќе те молам значи субенциите се далеку од награда. Субвенциите се даваат на субвенциите за да имат одржливо земјоделско производство и да имат развојна компонента од земјоделство кое што било порано да преминеме во земјоделство кое што ќе биде многу помодерно, со многу повеќе механизација, со многу повеќе системи за наводнување, со многу повеќе грдобитни мрежи, да ги намалиме ефектите на климатските услови и да го подобриме производството. За награда можеме да зборимe тек тогаш кога ќе имат добра цена по основ на кг. грозје, не како сега омаловажувачка, кога ќе имаме цена која ќе биде рентабилна и ќе бидат горди земјоделските производители, кога ќе имаме цена кога ќе можат лозарите да преживеат, а не да гладуваат, тогаш можеме да зборимe за награда. Во моментов зборимe за субвенции кои што им требат за одржлива и развојна компонента на земјоделството.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Значи советниче случајно го следев Советот на Росоман, каде што сите советници дадоа подршка и го пофалија начинот на кој што сето тоа се среди, може да проверите и вие да видите. Значи тука за таква хаварија пократок рок едноставно не може и тука тоа не е мислам толку да се препукуваме околу тој дел, а околу субвенционирањето значи тука мислам дека нема некој што же биде против дека треба да имаме праведен систем на субвенционирање и тоа треба да се бориме сите за тоа. Колку во тоа ќе успееме, ќе видиме.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Морав да се јавам за збор ради тоа што многу го испофаливте Министерството за земјоделие, а што е направено од страна на вашето Министерство за земјоделие за земјоделците прашајте ги земјоделците. Не сакам да зборувам во делот на тоа колкави штети се нанесија и дали некој го одобрува и како размислуваат симните се меѓу земјоделците, прошетајте и нека ви кажат што размислуваат тие.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Драго ми е што советничката е доста запознаена како се одвиваа работите за санација на хаваријата на сифонот Макарија. Апсурдно е да се каже дека експресно бил среден сифонот. Тоа е далеку од вистината и верувам и дека да не беа тие мини хидроцентрали, чии турбини се во самиот систем немаше ни да биде воопшто ни досега среден , а и во таа насока би сакал и ваш коментар во тоа како е среден. Според снимките кои што гледам од сифонот од денес направени изгледа дека работите за санација биле плукни, залепи, па сега прска насекаде и водата е со огромен дел на загуба и во однос на АД Водостопанство би скал да дадам мал коментар, па и ваше мислење сакам за тоа. Ден по излегувањето на информациите за поскапувањето на водата загрижени граѓани го посетија Водостопанство Тиквеш околу 9,10 часот, жива душа немало во претпријатието. Таму се партиски вработени од ВМРО и од СДСМ, мене не ми е проблем, ова не е насочено само кон СДСМ, ова е кон двете условно речено најголеми партии. Така да би сакал коментар ваш и во однос на тоа.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи многу е лесно да се напаѓаме кога ќе дојде до нешто, хаварија или било што. Јас не ја оправдувам ни едната, ни другата страна, меѓутоа клучното прашање е во нешто друго. Клучното прашање од правен, формален аспект треба да го барате и како граѓани и жители на Општина Кавадарци, меѓутоа и како граѓани на државата. 1 300 000 евра пари за хаварија, тоа е многу сериозна сума на износ. Јас не викам дали тоа не кошта многу или кошта толку да се санира. Клучното прашање е дали Водостопанство последните 10 години го одржувало системот како што треба. Зошто Водостопанство го нема осигурано системот од крш во осигурителна компанија и тоа треба да го платиме од буџетот на државата, односно од наши пари, кои што треба да ги вложиме за развој, развојна компонента, за градинки, за школи или за нешто ново. Доколку бил тој систем осигуран од крш за минијатурна сума, како што можиш дома да си ја осигураш куќата од пожар, поплава или било што ќе се направеше со осигурителна компанија. Вратете се назад 5 години, малтретиравме луѓе, пуштивме кривични пријави на екс градоначалници за неосигурани општинска зграда за трајно оштетување од Шарена револуција со боја. И добија кривична пријава зошто не ја осигурал фасадата на зградата и да притоа има трајно оштетување, а тука сега зборуваме за 1 300 000 евра штета, каде што Водостопанство, јас прашувам дали има осигурителна полиса од осигурување од трети лица, односно од елементарна непогода

или крш. Основното прашање е во тоа и во неговото одржување на системот. Не зборам политички, зборам во делот на домаќинско работење и во делот на тоа како треба да изгледа еден систем во државата. Задолжително треба секоја јавна институција и јавен систем да биде според мене и според закон осигуран во осигурителна компанија.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитувани кога зборуваме за лозарството воопшто не сакам да се собират политички поени. Кај нас лозарството во Кавадарци е клучна гранка што носи дополнителен приход на цело население од нашата општина и затоа ќе ви напоменам неколку работи. Едно е клучно дека е во многу лоша и незавидна ситуација, а тоа е од бројките што се издадени од страна на Министерството за земјоделие, само за пример да ви кажам, во 2013 година вкупно произведено винско грозје е 185 000 000 кг. за да почне во 2014 година ради болести, исто како што се оваа година добивме 50% од тоа, 85 000 000 кг., 95 000 000 кг. се извинувам. Значи 50% од 2013, следува континуирано опаѓање на количината на произведеното грозје за да во 2022 година имаме 93 000 000 кг. и ако ја споредиме со болести исто како 2023 година исто како 2014 ваа година очекуваме од 40-45 000 000 кг. Површините исто така се намалуват и тоа за во 1991 имаме 35 000 хектари за да сега имаме некаде околу 23 000 ха површина под лозов насад. Субвенции дали дава државата. Да. Дава. И пред некој ден министерот се пофали дека за последните 15 години во лозарството и винарството има дадено 90 000 000 евра средства на име субвенции, помошти, ковид субевенции, програми развојни за мини винариите итн. И тоа е така, меѓутоа се поставува прашањето што сите лозари си го поставуваат зошто при толку дадени средства, пак се намалуваат и површините и производството на грозје. Причини кои се. Фрагментирани цени кои се резултат на долгогодишни носители на обработливите површини, несигурен пласман и ниски цени, слабо инвестирање во изминативе години, недоволна желба на младите генерации да се занимаваат со производство на грозје и миграција на младите во странство. Тоа се основните причини, меѓутоа најголема причина сепак е несигурниот пласман и слабите цени. Излез кој е. Излез е да се створе една соработка помеѓу винариите и лозарите, соработка на база на кооперативните односи. Кој треба да помогне тука. Владата треба да помогне. Зошто Владата бега да биде еден фактор на зближување помеѓу винариите и лозарите мене не ми е јасно. Зошто Владата и потсекторска група при Министерството за земјоделие држат состаноци со винариите, а од лозарите нема ниту еден претставник од минатата година, од октомври месец. Ниту еден лозар не присуствува, а се изготвува Стратегија за развој на лозарството за анредните 10 години не ми е јасно. Колку се легитимни тие одлуки што се носат. Колку може да бидат легитимни. Дали лозарите треба да бидат задоволни. Не може да бидат задоволни. Минатата година добивме 2 денара помош од Владата ради

кризата, заради тоа што винарските визби не можеле да исплатат по таа цена 2 денара плус, ради високите цени на ел. енергија, сега не е така, сега имаме многу помалку грозје како понуда, многу повеќе побарувачка и пак цените не одговарат, а тие 2 денара што ги даде Владата, винарските визби толку умешно измислија термин франко донесено и по 1,5, 2 денара му зимаа на лозарите, му исплаќаа многу малку за сметка на тоа што грозјето го носеа надвор од Кавадарци. Замерка имам и тука сакам да ја искористам приликата, затоа што имаме претставници во парламентот и од ВМРО и од СДСМ да помогнат за што поскоро донесување на Законот за лозарство и винарство. Беше предвидена и министерот обеќаше сигурно за 2023 година дека ќе биде донесен законот и ќе можеме да го користиме тија член за производна цена. Уште не е донесен, ниту е донесена стратегијата и неминовно е и оваа година да има помош од Владата, искористите ги вашите врски, вашата релација со пратениците и со претставниците од Владата, да мора да дадат помош на лозарите, во спротивно се организира во октомври месец оркестрирано копачење на лозовите насади. Тоа ми е кажано од лозарите и барат од Владата еднократна помош за таа операција кршење за лозвовите насади.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Јас само на кратко колешке дека ситуацијата не ни е сјајна во земјоделието, не ни е сјајна, а резултат на тоа е и прашајте ги вработените во Водостопанство, веќе трети месец немат примено плата, под знак прашалник му е здравствено осигурање, под знак прашалник мусе лекарства од кај ќе си земат, под знак прашалник е како дома ќе донесат леб за дечињата. Така да мислам дека по таа тема треба малку повеќе да разговарате со ресорното министерство.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Сакам да земам дискусија и јас по однос на оваа тема која што е една важна да кажам за Кавадарци. Го разгледав и јас барањето, иако не е точка на дневен ред, би искоментирал и јас делови од истото. Во однос на системот за наводнување Макарија и јас случајно ја гледав седницата од Општина Росоман кои што беа најмногу засегнати во однос на тој систем и баш советник од ВМРО ДПМНЕ бил инволвиран директно и бил вработен во фирмата која што ја изведуваше санацијата на системот и истиот кажа и целата советничка група на ВМРО ДПМНЕ кажа дека истата е направена во најкраток можен рок. Тоа што имавме несреќа да кажам, да хаваријата се случи на почеток или во ек на сезона на наводнување заради тоа во суштина се настанати штетите кои што на крајот со елаборат пак ќе бидат надополнети од страна на Владата. Во однос на она што претставува елементарна непогода, спомна и колешката Веса дека за жал не постое законска можност да се прогласе елементарна непогода за намалување на род поради болести, туку заради суша и слични работи. Во однос на она што се прави или е направено во делот на

новиот закон, односно новиот модел на субвенционирање сметам дека досега одредени земјоделци, не зборувам за најголемиот број земјоделци кои што поштено си ги работат своите лозови насади, туку зборувам за оние кои што едноставно и јас го гледам овој модел да оние кои што го злоупотребувале да кажам ова земање на субвенции, да истите се остранат и да истите немат можност да добиват да кажам целокупен износ на субвенции, односно субвенции да добиваат оние земјоделци кои што реално ги работат нивните земјоделски површини. Во делот на законот максимално колега притискаме како Општинска организација, заедно со пратениците да што е можно истиот брзо се донесе и сме во постојана комуникација со министерот и еве ако не успееме оваа година истиот да го донесиме, се надевам дека истиот ќе биде донесен за наредната година се со цел да поставиме и она што не било поставено како законска рамка за да не можат винариите да ја злоупотребуваат и да печалат на некој начин на маката на лозарите и тоа ќе биде еден голем благодет на сите земјоделци. Во однос на Водостопанство, Водостопанство 2015 година направи еден модел, кој што гледаме дека истиот е неодржлив и по информациите кои што ги имам јас е дека постојат работни групи кои што работат на нов модел и на нов начин на структурирање и поставување на нов модел и нов начин на функционирање на самото јавно претпријатие, заради тоа што овој начин на кој што функционираат сега е да кажам неодржлив и таа грешка што била направена 2015 година да се исправе. Колешке сега пробувате цела вина, види 10 години си бевте на власт, 10 години се сеќаваме какви беа состојбите во земјоделието, така да што сте правеле вие и колку сте придонесиле вие во однос на овој сектор тоа е прашањето клучно, кое што треба да си го поставите, бидејќи голем број на белји се оставени од тоа време, за жал и сега. Јас го знам вашиот политички момент да на некој начин потпалувате. Види не ја донесив јас новата распределба на Водостопанство, новиот начин на функционирање на Водостопанство. Вие го донесивте. Вие го направивте централизирано Има работни групи, така да мислам дека и таа работа ќе успееме да ја завршиме.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Колега само да те известам дека во времето на владеењето на ВМРО ДПМНЕ не остана ниедно зрно необрано на лозјето. Лани колега останаа повеќе од 20 000 000 кг. необрано грозје, за кое што 20 000 000 кг. грозје земјоделците не можеа да си земат субвенции по 2 денара. Оваа година се повеќе и повеќе, ама не да не се работат, се напуштаат, го остава ормари. Прошетај малце, лево, десно, не треба да навлеваш повеќе, само по некој полски пат влези и ќе видиш колку лозови насади се оставени. Во времето на ВМРО ДПМНЕ секоја година континуирано растеше подигањето на лозовите насади, милион посто ве уверувам во тоа. Сега нема човек да праша да саде лозов насад, дури и бегаат.

СОВЕТНИК АЛЕКСАНДАР МУКАЕТОВ: Јас само накратко би му реплицирал. Се убаво кажа, ама не ги кажа цените за наводнувањето. Мислам дека редно е да ги каже и тие пред граѓаните колку се, пошто ги имаме.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колега не насмеа мислам сите. Во ВМРО биле зголемени земјоделските површини, односно површините за лозови насади. Баш еве те потикнувам наредна седница да донесиш податоци и да ги презентираш тука, една работа. Втора работа колега во време на ВМРО ДПМНЕ 2016 година го оставивте Повардарие буквално да оде во стечај и да не им го исплатат грозјето на еден голем дел на граѓани во Општина Кавадарци. Тоа го оставивте и се повлековте и мислите дека луѓето и дека ни се заборавивме. Не е така бре колега. Во однос на цените за Водостопанство јас колку што се сеќавам, ако добро следам медиуми, министерот за земјоделство поднеси барање во Водостопанство и ценовникот нема да важи. Нема да важи ценовникот за Водостопанство. Ценовникот на Водостопанство по последната информација што јас ја имам е дека нема да важи. Значи јас колку што знам нови цени оваа година нема да има. Тоа го кажа и Министерот за земјоделие. Нема да има оваа година. Во однос на ценовникот на Водостопанство оваа година нема да важи. Во наредниот период треба да се оформат по информации работни групи, кои што ќе работат на изработка на нов ценовник и тоа е тоа.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитуван Претседател на Совет, Градоначалник, колеги советници. Значи сакам да потенцирам хаваријата на сифонот Макарија некој сака да го минимизира што се случи тоа, но тоа стварно претставуваше катастрофа за Тиквешијата. Замислете така да ни се случи не дај Боже на цевководот Лукар, да остане со месеци да нема вода градот. Не дај боже. Затоа викам. Тоа исто се случи значи со земјоделците и најпогодени беа значи без разлика Тиквешија, од Општина Росоман, дел од Општина Градско и дел мал од Општина Кавадарци. Таму штетите значи не се само тие што 50% или повеќе, значи се исушија земјоделските површини. Таму имаше и штети каде што не можат да ги пријават. Знаеме дека селските средини сите имаат бавчи во дворовите, каде што тие штети никаде не можат да ги пријават. Знаеме дека Општина Росоман значи граѓаните кои што ја користеа таа вода за наводнување на тие околни дворови и бавчи почнаа да користат од водоводниот систем, односно од водата за пиење. Со тоа се случија и рестрикции, се поради хаваријата што се случи во сифонот Макарија. Мое гледиште на сето ова е апел до Водостопанство Тиквеш иако не е наша надлежност, сепак се работи за територијата на Тиквешијата и дел од Општина Кавадарци. Значи ако има некои такви проблематични места и си ги знаат, можат да си изградат до нив и некои паралелни цевководи, па во случај вакви ако има, како што кажа почести дефекти се случувало да можат во недај

боже такви случаи да може да се приклучат на одредени бајпаси и со тоа да го решат проблемот, а да не се случува како сега некако во 21 век, односно се случи како 19 век, граѓаните немаа вода.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници бидејќи е исцрпен говорот по оваа точка, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

28. Предлог –Одлука за давање на трајно користење на недвижна стварпосебен дел, од објект-просторија на ЈП за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, без надомест.

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

29. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година за доделување на парична награда на ученици и ментори од основни и средни општински училишта во Општина Кавадарци за посебни постигнувања на државни и меѓународни натпревари.

Почитувани советници за оваа точка јас ќе земам малце збор. Оваа точка беше едногласно од Советот подржана и од Градоначалникот како идеја. За првпат во нашата Општина, мислам дека и во нашата држава сме првенци во однос на ваков принцип на функционирање кон талентираните ученици. Значи на претходните седници на Совет одвоивме финансиски средства од буџетот на Општина Кавадарци од околу 800 000 денари, меѓутоа за интерес на кавадаречката јавност и за информација е тоа дека во текот на натпреварите меѓународни и државни натпревари 162 наши талентирани ученици од основните и средните училишта и 62 ментори се наградени, односно имаат освоено награди прва, втора и трета на меѓународни и прва, втора и трета награда на државни натпревари. 6000 денари доби менторот и 3000 денари доби секој талентиран ученик што донесе награда на натпреварувањата. Кога се собра таа бројка, излезе околу 980 000. Ние изгласавме претходниот Совет 800 000 денари, така да треба да се изврши одреден мал ребаланс, бидејќи не знаеме точно да предвидиме колкава бројка на ментори и ученици би можело да се комплетира. Претходната бројка од 800 000 заедно со Секторот образование и финасии ја таргетиравме врз основа на искуството од претходните години. Така да од мое лично име, од името на Градоначалникот, еве и од името на Советот на Општина Кавадарци една голема благодарност, едно големо признание за талентираните ученици и за нашите ментори и се надевам дека ова нема да биде почеток на крајот, односно секоја година, догодина дај боже да имаме добра финансова кодиција на буџетот, би ги зголемиле тие средства. Тоа ќе биде доволен потик за нашите ментори, нашите ученици за што поголеми достигнувања на овие натпреварувања.

Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно во сала.

30. Предлог-Одлука за примање донација – кутивки од Друштво со ограничена одговорност за производство промет и услуги увоз-извоз “ГИНИС” заштитно друштво Прилеп;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Ве молам кој е за . 16 за, 1 воздржан.

31. Предлог-Одлука запромена на назив на установата Установа од областа на културата Културно социјален простор ПОДИУМ-ЈАДРО Кавадрци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 16 за, 1 воздржан.

32. Предлог-Одлука за именување на ликвидатор на Установа од областа на културата Културно социјален простор ПОДИУМ-ЈАДРО Кавадрци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. 16 за, 1 воздржан.

33. Предлог - Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.31/23 поведен пред Основен суд Кавадарци.

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Не бара збор, ја ставам на гласање.Ве молам кој е за. 16 за и 1 воздржан.

34. Известувањето со арх.бр. 22.23.6-3993/23 од 12.07.2023 година, за работата на Одделението за внатрешни работи Кавадарци за прво полугодие во 2023 година

Отварам претрес по оваа точка. Не бара збор никој . Ја ставам точката на гласање. Кој е за. 16 за, 1 воздржан.

35. Извештај за работа на ЈП Комуналец Кавадарци за период од 01.01-30.06.2023 година, донесен од Управен одбор на ЈП Комуналец Кавадарци ;

Отварам претрес по оваа точка. Повели Валентина Бањанска.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Благодарам Претседателе. Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани сограѓани. Во врска со извештајот за работата на ЈП Комуналец јас би се навратила на изјавата дадена од Градоначалникот за набавката на возилата за потребите на ЈП Комуналец. Од страна на Градоначалникот во изјавата беше потврдена набавката на 4 возила, од кои две автоѓубрарки, 1 теренски џип и едно патничко возило. Во позадина на камерата на порталот на РТК ние граѓаните имавме можност да ги видиме трите возила, патничкиот автомобил не го видовме. Патничкиот автомобил е платен 55 000 евра. Станува збор за набавка на луксузно патничко возило. Прашањето го упатувам до Градоначалникот затоа што на изјавата не беше присутен директорот на ЈП Комуналец. Дали е оправдано Градоначалниче во услови на инфлација, да како пред неколку месеци најавувавте ладна војна овде на седниците заради енергетската криза, дека не сме знаеле што не чека и ништо од овие претпоставки не се оствари заради тоа што оваа

Влада и кога ја видовте енергетската и воената криза одлично се справува, со оглед на добрите политики на централната власт се врши реконструкција на локалните патишта во Општината, па очигледно за вас ова ви дава за комоција, за недомаќинско трошење на средствата на граѓаните, кои во овој ваш мандат сметките за комунални услуги беа зголемени. Ви благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Советничке благодарам за прашањето и за провокацијата во делот на тоа како Владата се справува со енергетската криза и како ладна војна водиме ние, ќе го прашаш бизнис секторот лани каков грабеж направи Владата во делот на енергетската криза и по колку пари платија годишно сметки приватните компании кои што беа на слободен пазар и дали остварија добивка. Па после оти немаше за него добивка, па мораше да измислувате солидарен данок, па да го антидатирате со европско знаменце, за да соберите 30 000 000 евра ама далеку е тоа од вас. Тоа треба Стопанска Комора да го расправа, не е тука за локално да го гледате. Не може да го видите. Второ моделот на ЈП Комуналец, убаво пише во одлуката се, не е ништо скриено во одлуката. Ама на камерата и секретарот на Општината не беше. Да не требаше и него да го земам. Значи во одлуката си пишува убаво, изгласана одлука и тендерирано според одлука. Ако за вас денеска е луксуз да едно ЈП има автомобил или има основни средства за работа, за мене не е луксуз, а инаку од купувањето на секој автомобил баш токму во вашата Влада 47% се акумулират по основ на данок, акциза и ДДВ. Така да го наполнивме и буџетот кај вас малку, не се косите. Влезија пари и кај вас. ЈП Комуналец е репер во државата, нашето Комуналец по неговото функционирање 100 пати сум кажал. Благодарение на хидроцентралите 4 и на 5-та еве вака ќе кажам јас што ја изградив. Оти ако беше друг ќе ја дадевте на приватно, немаше да ја изграде ЈП. Имаше одлука на Совет. Вака на тацна ми беше дадено да ја дадам на приватен, ја поништивме одлуката со претходниот Совет, ја поништивме одлуката, советникот Сакалиев е сведок на тоа и други советници, ја поништивме и ја направивме да биде јавна централа и ја изградивме да биде јавна на ЈП Комуналец. Тоа што не дојдовте на промоција е многу лошо, инаку многу убава централа која што функционира идеално. Во делот на промоцијата, ние не промовираме се и сешто. Значи промовираме тоа што е од јавен интерес на луѓето кои што треба да го видат и утре да движе по улиците. Сега ако почниме да информираме дека набавивме и три компјутери за ЈП Комуналец или за спортската сала, не знам принтер се купи или се зема превозно средство, мислам дека е бесмислено. Иналу јас можам да ти кажам јас лично дека не користам службена кола и дека се немам извозено уште со службена кола. Таква привилегија немам уште, затоа што јас сум определил така да биде и не ме интересира службена кола воопшто, така да таа

кола нити е на директорот, нити е твоја, ни моја, на ЈП Комуналец е и ќе ја користе наредните 15 години за потребите на ЈП Комуналец и не само директорот, секоједен кој што треба да патува за Скопје, верувам можеби ќе има чест и вашата советничка Веса Богева, како раководител да отиде до Министерството за финансии да побара пари, па ќе те извозат и тебе, што се косите. Таа кола шофер си има. Таа е за потребите на Комуналец. Кај пише дека таа е за директорот. Така да апсолутно дали е 55 или 35 прво проверите убаво, видете, не знам колку е, јас мислам дека е средна класа на кола со 2000м3 зафатнина на мотор, не е нешто спејс шатал и е опел инсигнија, ни е мерцедес, ни е ес, е, опел инсигнија, за тоа зборуваме. Да. Ај сега да си го поставите прашањето, а и проверете си, па Владата колку коли преку СЗР користе заеднички и со колку коли доаѓат и вашите министри тука, предходници, задходници и што нема, репортерите во една кола, вија во трета, нија во четврта. Ние барем се собираме во една кола и не се срамиме заедно да се возиме, така да мислам дека некоректно е да се напаѓаме така, а во делот на промоцијата тоа што треба да го испромовираме, го промовираме во интерес на граѓаните, а дека сме скриле нешто со намера, не знам можеби Директоре таа кола беше ли стигната кога го промовиравме ова. Не беше стигната. Ами како да ја промовираме, ако не била стигната. Еве од сега, после Совет ќе отидеме да ја испромовираме заедно. Јас ќе отидам да ја промовирам. Што е проблемот.Ако треба ќе ја извозиме. Немој да паѓаме на ниски работи за да се напаѓаме непотребно. Гледајте ги големите работи. Ве прашав 1 300 000 евра Макарија дали е осигуран, потрошивте пари за реконструкција, дали времето било доволно 45 дена. Еве јас ќе виречам во супер рекордно време го завршивте . Со чии пари и зошто не беше осигуран системот. Тука е клучното прашање. Тука знаеш колку коли има. 50 ѓубрарки, за цела Македонија да купиме. Како викате вие 50 ѓубрарки, 10 школи, 8 градинки и така, тоа ви е пијарот. Јас не го употребувам тоа како метод или мерка, а од друга страна за струјата, не знам дали ја пратите берзата. Во моментот е 150, 160 евра пак струјата на купекс. Лани дозволивме ЕВН Македонија да направе добивка од 55 000 000 евра, како никогаш досега. Проверетеги бројките. Јавна работа е луѓе. Јавна работа се бројките. Соберете го бизнис секторот. Еве предлагам бизнис секторот да го собериме од Кавадарци и ланска година што беа на слободен пазар да дојдат, да го кажат нивниот исход по основ на ел. енергија за 23-та година, споредбено со која сакаш друга година. 550 евра во месец септември лани и октомври плаќавме mw ел. енергија, 550 евра, дојдовме во ситуација да македонските производи и во македонските маркети бидат со 30-40 % поскапи од странските увозни соодветни еквивалентни производи. Алпско млеко пиеме поевтино од Битолско и сега, добро се справивме. Супер се справивме. Се донесовме 5 за 12 . Одлука за училиштата. Апсурд. Наместо да донесите одлука на Влада и да кажете сите

основни, средни училишта, подифолт одат по загарантирана цена. Вие ни направивте повик јавен да се јавиме за 3 дена на повикот, кое школо нема да се јаве, не влегува во повластена тарифа. Од 630 училишта влегоа само 300. Кај го има тоа. Тоа треба подифолт да влезе, а не да се јавуваме на конкурс за ел. енергија. Преку МЕПСО на некој софтвер, таму незнам сајт, било како. Значи апсурди. Тоа се прават кога се носат 5 за 12. Знам дека е тешко да се справиш со енергетска криза и на тија што не воде горе, му е тешко, јасно ми е уште повеќе од сите, затоа што занм што значи да ја платиш ел. енергија. Не треба да се напаѓаме, дали се одлуките правилни, неправилни, задоцнети или преуранети. Единствена забелешка имам за 23-та година што големите компании и средните компании беа оставени на цедило, односно на берза од надворешен влијателен фактор, а не да ги заштите државата. Второ ЈП Комуналец досега нема ништо скриено, нема ни да скрие. За информација ско добро ги пратите, а гледам дека ги пратите сите пресови и презентации, тоа е добро, да се прате конкуренцијата. Сега од заштеда од 2 300 000 евра грантот што го имавме, ќе добиеме еден скип, еден мини багер и еден мулчер. кои што ќе ги добиеме како грант и ќе имаме 5 ровокопачи во ЈП Комуналец. Ниедна градежна фирма нема толку, колку што ќе има Комуналец и Комуналец веќе станува сериозна оператива и можност за реконструкции и за работа во Општина Кавадарци. Дај боже и другите ЈП-ја да стигнат на тоа ниво и по овој основ во овој мандат, во оној мандат, само покачување на цените, покачување на цените. Не ги покачуват цените, ниту вие, ниту јас, нит некој друг. Заборавете го тоа. Немој народот да го ставате во заблуда. Регулаторна Комисија ти дава тригодишни цени. Што е тука нејасно, не разбирам. За сите. И за комунален износ на смет и за вода и за покриен простор и за непокриен. Директоре дај му ја одлуката, нека ја видат еднаш. Дали отстапуваме од таа одлука. Не отстапуваме. Сега во месец октомври пак ќе треба да гласаш нова цена советничке. Па не ја утврдувам јас и ви кажав Регулаторна Комисија ги превзема сите ЈП-ја да ги дава цените само за вија работи, да нема предизборно Јас ќе ја намалам цената на водата, јас ќе ја зголемам, јас бесплатно ќе биде, да нема политики во таа работа. Основен артикал и најбитен за луѓето е водоснабдувањето и затоа цената ја утврдува Комуналец. Направивме и споредба. Кај сме ние, кај е Струмица, кај се другите. Најниска цена имаме не заради мене, заради домаќинско работење, ради 5-те хидроцентрали и врз основа на трошокот на расходот и приходот Регулаторна ја утврдува цената на м3 вода. Тргнете го тоа од главата. Кога ќе ја утврдуваме тука цената на водата колку да биде, е тогаш ќе се натегаме. Тогаш ќе речиме да, ја покачивме, ја средивме, ја направивме, социјални категории сите се ослободени со потврда од социјално од плаање на воден надомест и не само на воден надомест, комплетно водените и комуналните такси, 1600 нови

приклучоци, водоснабдителен систем кој што се развввива во Македонија е ЈП Комуналец, од 9700 броила, сега сме на 10600 и знаеш каде е најдобро. Во Дабниште, во Брушани, во Раец. Обврска да му однесиш вода. Ресавски Залив. Не е воопшто лесно тоа и тоа ја определува цената на водата. Како што, ка сега да речам незнам Македонска Пошта ја покачи цената на достава на плико, која што претходно е утвредена со закон. Како може да критикувам нешто, што не е утврдено со закон, така да и воа е со закон утврдено. Нема тука политика, нема тука менаџирање. Атхом како претпријатие, формирано од сите ЈП-ја, односно Здружение на ЈП-ја е тоа кое се боре заедно со Регулаторна Комисија да добијат соодветни цени и ЈП-ја да работат рентабилно. Сами занаете дека сега имаме програми од Светска Банка, од 70 000 000 евра, кои што интензивно работиме 4 месеци со ЈП Комуналец да проектираме, затоа што Општина Кавадарци од колачот доби 1 000 000 евра од тие 70 0000 евра и да проектираме нови водоснабдителни системи, дополнување на старите, нови канализациони мрежи за да можеме и таму каде што нема, еве како денеска за првпат. Тоа е за поздрав. Денеска донесивме за првпат урбанистички план за с Раец. Зошто го носиме. Сега ќе ми речиш ти сега таму згради ќе правиме. Не. Тоа го носиме за да може утре с. Раец да поднесе документација. Ако нема урбанистички проект не му дава ИПАРД Програма, ништо не му дава да конкурира. Значи буквално ги следиме работите. Немам намера да собирам политички поени, ниту пак гласови на промоција. Немам. Дури и вишок имам за промоција некогаш вака ве молам дојте, еве и вие промовирајте се покрај мене. Мислам воа најдобронамерно нека биде, секако рековте дека догодина си одите, така ли кажаа. Ќе треба да градиме луѓе. Еден човек кажи ми што го изградивме и вие кој човек го изградивте у Скопје. Нема кај да се јавите. И вие и јас. Абе остај пратеник. Тоа е минлива работа. Дај менаџер кој што ќе носе проект. Воа е добро. Убаво ви кажувам. Како не сме избегани од темата кога не беше само сумата, три работи беа. Дека во овој мандат само се покачуваат цени на вода и на комуналии, дека сумата на цената е таа и дека не била промовирана колата. Колата во тој период веројатно не била стигната, сумата не знам која е точна. Јас мислам дека е 35 000 или 40 000. Која е сумата Директоре на колата. 2 800 000. Еве го сега ако ме лаже и јас те лажам. Како да те лажам. Значи во таа кола, еве сега јас самиот можам да ветам, нема никогаш да ме видиш мене и нема да се возам јас, а можно е да ја видиш и Веса, можно е да ја видиш и Роска, можно е да го видиш и директорот, сите раководители од Комуналец ќе се возат во таа кола за потребите. Советничке другото е кола со 500 000 км. поминати и ја знаете добро. За кои пари две ќе има. Зависи како гледаш. Нема потреба од две, регистрираат двајца шофери итн. И уште една работа, парите се премногу, затоа што истите коли негде 30% знаете дека во 2022 пораснаа цените. Е сега еден класичен

пример ќе ви кажам и не зборувам повеќе. Автобусите кои што ги набавивме, од иста компанија ги набави и на тендер Штип. Нашиот автобус од 9м. со 65 патници, со исти карактеристики, со исти перформанси не кошташе 140 000 евра по парче. Општина Штип ги купи 198 000 евра по парче, затоа што после 9 месеци го распиша тендерот, а за 9 месеци цената е порасната на патничките и на товарните возила со 30-40%. Јас не го укривувам некој Градоначалник или Совет дека донесил грешна одлука, таа е цената. Завршена е. Таа цена претходно што беше ја нема. Значи буквално автомобилската индустрија и транспортот и камионите пораснаа со 30-40%. Тоа е вака јавна тајна, го знаеме, гледаме и пратиме. Нека ви е со среќа колата. Да ја користите паметно, убаво и да се оде само по интерес на Општина Кавадарци и ЈП Комуналец, по министерства, по Влада, по Регулаторни Комисии, плачење, кукање и пари збирање за Кавадарци.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Градоначалникот ни кажа многу работи. Од ладна војна, струја, па тука локал. Како беше она за хидроцентралата кој требало да ја даде на приватен. Не го довршивте тоа. Значи Градоначалник минатата година испаднавте на оваа говорница, овој период летото и не убедувавте сите дека треба цената на водата да ја ставиме на највисоко ниво, односно на горна граница, врз основа на оноа што утврдува Регулаторна Комисија. Во изминатите години наназад сте си правеле зголемување на сите ставки на оноа што претставува цена на комунални услуги и кои што ги наплаќа ЈП Комуналец. Минатата година не убедувавте дека претпријатието е во тешка, финансиска состојба и тоа го користевте како оправдување за да ја зголемите цената на водата, да за една година после тоа гледаме дека купувате 2 да кажам, едно патничко, едно комбинирано да кажам возило, односно џип за службени потреби на ЈП, затоа трошите вредност, ка ќе ги соберите цирка 100 000 евра и сега тука излегувате и ни кажувате и не убедувате дека тоа е домаќинско функционирање на едно ЈП. Да биде работата пострашна оваа дебата ја водевме оваа година во февруари месец, кај што не убедувавте сите дека добро е претпријатието да го задолжиме со финансиски лизинг и го задолжуваме претпријатието со финансиски лизинг да обезбедиме две возила, еден џип и едно патничко возило и тоа го претставуваме дека било добро и на тој начин требало да функционира и да работе да кажам ЈП. Јас би се осврнал да сум на ваше место, би се осврнал на оноа што забележувавме последните неколку седници и да видиме што направивме во однос на таа работа и дали овија патнички возила кои што сте ги купиле, ќе ги искористите да ја барате водата која што ви недостига. Дали можеби таа е целта да кажам на овие патнички возила, кои сте ги набавиле за ЈП Комуналец. Ако е тоа и ако му помогне во таа насока и во таа цел, тогаш Боже мој не е проблем. Чудно е, гледам директорот уште е тука, уште се држе. Чудно како во рок од година и пол од кога сме Совет се смени еден

директор, дојди друг, а сега има најава дека ќе дојде трет. Зошто ги менуваме директорите постојано ако толку добро функционираат и го работат ЈП. Јас на пр. за тоа би сакал да ми одговориш. Ја почна темата за минихидроцентралите, самиот почна да зборуваш дека некој сакал да ја даде на приватен. Кој бил тој некој. Зошто не се докажа бидејќи си во коалиција со твојата матична партија. Матичната ли партија која што претходно била Локална власт сакала да ја даде мини хидроцентралата или некој друг. Ако више зборуваме отворено дај да излезиме тука и да бидиме отворени и да зборуваме отворено и да ги кажуваме аргументите до крај. Во однос на, се спомнаа многу работи кои што немаат врска со Комуналец, се спомна и цена на струја идејата е да се помагаат оние компании коишто се најзасегнати и најпогодени, кои што беа од енергетската криза и јас сметам дека тие компании беа помогнати, имаше таму одредени критериуми кои компании приватни влегуват во таа рамка и истите беа помогнати од страна на Владата, а за солидарен данок и други работи мислам дека не е местото и времето тука да разговараме. Ако ти треба подршка и јавна дебата во однос на тоа прашање викни не и ќе разговараме во однос на таа тема, да видиме дали оние газди, оние компании коишто имаат повисоки приходи треба да плаќаат повеќе данок или исто данок. Тоа е пак влегуваме во делот на иделошка дебата.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Кога сме кај возилата, бидејќи гледам дека набавката на ова јавно патничко возило за потребите на ЈП Комуналец, јас искрено сметам во изминатото ако погледниме малце, пред 6 години, кога се изврши промена на власта цел пијар ви беше за мерцедесот на претходниот Премиер на Република Македонија г-динот Груевски, направивте еден пијар за да дојдите на власт и вие истиот мерцедес си го користите и екс Премиерот г-динот Зоран Заев го користе истиот. Значи кога се набавуваат патнички возила и возила од јавен интерес тие не се на поединци, одговорноста за цената е една работа, а во однос на кој, како го користе тоа пак останува за потребите на ситемот, за државата и ЈП-ја и тука повеќе не би полемизирал. Јас сакам да осврнат на мојот говор во однос на функционирањето на ЈП Комуналец. Дали вработените на ЈП Комуналец, дали граѓаните се задоволни. Можам да ја информирам јавноста дека на вработените им е исплатено пола к-15 минатата недела, можам да забележам од ЈП Комуналец нема таков одлив пред се на ниско квалификувана работна рака, како што претходно имаше проблем. И сметам дека сите обврски како менаџер и како раководство и заедно со Градоначалникот што ќе се превземат се во интерес за подобрување на квалитетот на функционирање и на вработените, за поголемо мотивирање и од друга страна и на граѓаните преку индиректно подобра чистота на градот, подобра услуга на градот пред се, тоа е услужно претпријатие. Во однос на раководството и на менаџирањето одлуката за кој да биде, што да биде е на Градоначалникот, меѓутоа таа

одлука е и за сите граѓани. Тие се лични одлуки што тој си ги направил. Во однос на вашето прашање упатено кон него ќе добиете писмен одговор.

Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Толку. За. Кој е против.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Го спомна тој мерцедес. Колку што јас се сеќавам Претседателе таму судскиот спор се воде во однос на повреда на постапката за набавка. Тоа сакав да го кажам.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Сакам да го замолам колегата да се информира и другата седница, не мора пред јавноста да каже колку е ел. енергија на пазарот, на светскиот пазар, а колку ја набавува ЕВН. Само тоа.

36. Извештај за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за период од 01.01-30.06.2023 година донесен од Управен одбор на ЈП Комуналец Кавадарци

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Кој е за. Едногласно усвоена.

37. Одлука за давање на времено користење на движна ствар на Територијална противпожарна единица Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП Комуналец Кавадарци ;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

38. Годишен план за вработување на ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци за 2024 година донесен од Директорот;

Отварам претрес. Повели Круме.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Денес имаме многу планови за вработување, така да моето излагање нека биде еве еден сублимат за сите ЈП-ја Градоначалниче и за сите јавни институции. Обраќањето ми е кон вас заради тоа што знаеме дека во нашата Општина без ваше амин не поминува ништо. Така да од самите вработени во ЈП-ја и во јавните установи има одредено несогласување во однос на решенијата на човечки ресурси и тоа како се вработува на ливче и кој се е вработен во ЈП-ја и јавните установи. Имаме низа на потфрлања кога станува збор за кој се е вработен, ова решение не ви е одржливо и не знам зошто си ги вработувате така тие кои што ви се послушни сега, не знам и тие што ги вработувате дали знаат дека во моментот кога вие би ја напуштиле таа функција доколку нема доволно средства за нивните плати, а има во историјата моменти кога тоа се случило дека и нивните функции нема да продолжат да постојат, дури и би ни се заканило целосно затварање на некои ЈП-ја. Било пример во некои држави, било пример и во Македонија, а вашето моментално решение би не довело до истото тоа. Еве пример ќе земам за зградата на Домот на културата. 4 институции имате во таа зграда, вклучувајќи и ЈП за Градски Превоз, таму е Домот на културата, библиотеката Феткин и таму е ЈП Паркинг. Каблите од фасадата на самиот тротоар се влечат 2 недели. Нема еден вработен од тие низа на вработени таму што

би земал одговорност или инцијатива за да се санира нешто такво. Од друга страна имаме пример што туристи одат во Туристичко Информативно Биро, каде што замислете има 3 вработени во исто време во 2 квадрати, 2 вработени од Винскиот Музеј, 1 вработен од ЈП Паркинг, така да 3 вработени има истовремено, туристи прашуваат, еве ова е пример кој што и друг советник ни го посочи и истиот ќе може да го гарантира тоа. Прашале туристите каде може, што може да посетиме во Кавадарци, грчат рамења вработените, па незнам на Костурницата одете. Значи имаме такви примери на решенија со човечки ресурси. Буквално се гледа дека се вработува и слепо и сакато. Значи ова е многу нефер, заради тоа што станува збор за некои луѓе кои што биле измачени и било што, ама дефинитивно не им се даваат работни места кои што ги сакаат, туку едноставно им кажуваат каде да седнат и од таму да земаат плата. Исто може да ни се случи и како што беше со Бирото на метеорологија, директорот го ставаат да биде директор, не знае дали е на Метеоролошки или Метеоролошки Завод директор. Истото би се случило и тука како што сте почнале. Така да знам дека вработените ви се едно немо гласачко тело, ама нема да можете да ги вработите партиски сите. Значи цело Кавадарци нема да може да го вработите. Сите разочарани од здравството, сите разочарани од образованието, од земјоделието, сите чии деца избегаа во странство. Значи Кавадарци беше и лидер на семејства каде што има иселени во странство. Значи баш заради нефер партиското вработување. Нема да можете да ги вработите ниту сите кои се гушат по 3 месеци додека ги реставрирате улиците со вашите поволни услови на тендерите, пола град е со раскопани улици 3 месеци, 10 раскопани улици 3 месеци имаме и натаму, кешки да можевте сите тие кои што се вака напатени од ваша страна или од страна на администрацијата, али знаеме каков микроменаџмент имате, така да од ваша страна кешки да можевте сите тие вака да ги вработите, па да ви молчат, ама мислам дека нема да ви молчат, па ќе видиме, вториот мандат според мене ви е многу полош од првиот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Сакам јас едно мало извинување до нашите жители на Општина Кавадарци и до раководните лица на ЈП-ја, пред се како лекар да им посакам добро здравје, ниту се работи за слепи, ниту се работи за сакати личности, така да советниче во интерес на граѓаните на Општина Кавадарци и во интерес на тие што со нас и до нас, бидејќи имаме раководни лица ве молам во идно време говорницата да се користе за малку покултурна дикција.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Воа и малку е што го кажа Левица, пошто знаеме зошто сте создадени. Создадени сте за да не ве бива, создадени сте и тие што ги бива да ги уништите, една идеја немате,

продуктивна дадено и една идеја ниту во Парламент , ниту никаде да кажите ние воа ќе направиме. Само да се напаѓа, да се критикува и СДСМ И ВМРО и сите и врз основа на тоа разочараните да ги превземите. Тоа е накако како некоја секта, таква организација. Сакати и слепи вработени. Многу лош збор. Мислам дека воа многу лошо ќе ти биде за понатамошната твоја репутација во делот на политиката и сите работи, на секој можен начин ќе ти биде извадено и промовирано понатаки, пошто никој не сака да биде и слеп и сакат. Ако некој природата го осакатила или од некои х причини е осакатен не треба вие да го дотепате. Тоа е нешто веќе фашистичко кое што го правите, а убаво рече и Талат у Парламентот, споредувајќи ве со некои имиња Фидел Кастро, незнам не ги познавам тие, одамна се, млад сум. Во делот за критиките за улиците, патишта за реконструкциите, тоа е нормална работа дека вие ќе критикувате дека прашина е , се загушивме, па дека затоа го вработивме, бог да чува и да бране. Ако правиш, зошто правиш. Ако не правиш зошто не правиш. Така да ниту имам градежна компанија, ниту сум инжинер, гледам дека се е во законските рокови и динамиката за изградба која што ги пропишала Светска Банка, го пропишал Закон за јавни набавки и условите кои што ги дава временските услови за завршување. Нема 10 улици раскопани, во моментот уште Димката Ангелов Габерот која што треба за недела дена да биде комплетно завршена, друго се е завршено. Да, месец дена се провлече работата заради временските прилики, што имаше дождови и други непредвидени работи. Ќе ги видете извештаите, видете ги другите општини до каде се со имплементација на прва, втора и трета фаза од грантот, кој што го добиваме преку Министерството кај нас е веќе исцрпен, четврта фаза заврши, другите општини втора фаза ја немат почнато . Микроменацирањето или макроменацирањето да му го појасниме на луѓето дека сакаш да кажиш ти дека за секое вработување, јас викам може. Не може. Воопшто не е точно. Да во делот на раководните кадри и во делот на директори да си зимам за обврска и тие се моето огледало, кое што треба понатаки да го спроведат и да го направат тоа. И тука ако имам грешка со директорите јас си ја сносам одговорноста со нив заедно во делот на нивното функционирање и исто како и они . Општина Кавадарци последните 5, односно 6 години не застанала ни во една јавна ситуација, ниту вода, ниту износ на смет, ниту во одржување, ниту во канализација, ама баш во ништо. Еве ја тука директорката на градинката, да не сме за подрек, не сме имале ниту инцидент во градинка, од таму ќе почниме, па ќе завршиме до кај сакаш. Земете статистика од државата извадите да видите кај се другите општини по тој однос. Не ги критикувам нели, дали можат да се справат со сето тоа. Ниту еден мој близок, го викам близок, односно роднина, ај поточно да се изразам, не е

вработен во државна администрација, немам ни намера да го вработам, за 20000 плата, 25000 плата. Не е популарна државната администрација за вработени, воопшто Круме. Не е популарна, затоа што заврши тоа време. Ако бизнис секторот, реалниот сектор дава x2 , два пати поголема плата, никој не седе соодветен да седе во делот на јавна администрација, државна администрација и се. Критикувај тоа што е за критика. Министерството за финансии ги покачи платите за 30%, затоа што немал кадар, ами јас кај да го најдам тија кадар. Платите во државната а дминистрација и Локалната Самоуправа и јавните претпријатија се катастрофални. Тоа е реалноста. Пониски се од еден келнер во угостителски објект, а одговорноста е x10. Тоа е реалноста. Бројката дали е голема или мала, 12 пати ви реков уште на самиот почеток на мандатот, меморандум за вработувањето, оти не го потпишавте. Ве прашувам сите . Јас го предложив. За секое упразнато место да се донесе политички заклучок дали треба или не треба. Го предложив ли. Претседателе го предложив ли. Зошто не го прифанавте. Идејата беше моја и ја предложив за сите, не знам колку се сеќавате. Не зборувам за точка на дневен ред, зборувам за кординација. И ќе го ставам. Одбијте го. И вака ќе го ставам Меморандум за вработување на нови места, проширување на сектори и опразнети места. Тоа јас првиот ден го кажав. Зошто. Затоа што нит ти ќе имаш притисок, нит јас, нит Јован, нит никој, а и тија притисоци во делот на вработувањата се минијатурни Круме, не е како на времето, оди збирај политички поени пред 20 години за вработување, не пале веќе таа, сега воа твоето многу пале разбираш. Вија не ги бива, тија не ги бива, а вика нас не бива, дај да ве видам што имате направено вие. Ништо немат направено. Значи ви викаш воа вака не бива, а вака не е, е како да биде, незнам. Е тоа го кажувате вие цело време. Дајте една конструктивна работа, предложите. Значи лесно е сега тука да исцитираме нешто, да испадниме, да кажиме, тоа е полошо, воа е полошо, тоа е вака, прашина има во градот, утре ќе заврне, од кога ќе заврне може кал да донесе, па калта треба да се испере, па може шахта да се запуше, па канализацијата, па може дома умивалникот да се скрше. Ете тоа го кажувате вие. Значи вие кажувате наредни изреки кои што може во иднина да ни се случат, а никако нејќите да превземите одговорност да речите ова е наш предлог, дали ќе го гласате. Дај една конкретна мерка предложи ја, па нека не ја подржат советниците или Градоначалникот. Немаш предложено досега конкретна мерка. Единствено само. Критики и како да не биде. Како да не биде е многу лесно да кажувате. Тешко е да го спроведиме и да го изменацираме. Она што го кажа колапсот за многу претпријатија, да може да дојде, може да дојде и за Општината, не збориме за мојата или за Кавадарци или за било кој. За секаде може да дојде и тоа е можност, постое. И сега вие проповедате дека

таква можност има. Има. И најголемата компанија може недај боже да биде ликвидна и да оде во стечај. Се постое тоа како можност. Дали е тоа реално. Затоа има финансиски анализи, економски анализи, бркаме работа и ги тераме тие работи за да бидат подолгорочен и план и став. Превработеноста никој не ја сака. Ниеден нормален човек не сака превработеност .Нити јас, нити вие, нити директорот, никој не сака превработеност. Проблемот е во друго. Од 300 вработени во ЈП Комуналец, од сите отсеци дневно имаш по 30-35 отсутни, кои по боловање, кој незнам на што, не знам како, 30 отсутни дневно, тоа ти е 10-15%. Дали можеш да испланираш ти работен ден, кога утре сабајле 10-15 % ги немаш од вкупниот број на вработени пријавено на работа со едно обично лекарско документче, бил на преглед или му дале 3 дена болување, а и за жал вистина е дека во ЈП Комуналец, разговарано е повеќе од 20% од вработените се веќе неспособни за физичка работа. Што да му правиме. Да ги избесиме. Не ќе бараме посоодветно место. Кој ќе биде инкасант, кој ќе биде воа. Значи со лекарско тука дека он не е за физичка работа, мора тија човек да го доводиме до негде, не може да го оставиме на улица. Административците сега фала богу, во Општината немам видено со такво лекарско да дојде, ама па и одат на пауза редовно и се враќат, се движат. Нема некој со количка или такво нешто. Вработените во Паркинзи и загубата која што ја праве паркинзи, немој да мислиш дека не ја гледам јас и дека треба ти да ми ја кажиш, ја гледам, и повеќе ме нервира од тебе. Кај е точно. Точно е во 8-те вработени во пајакот . Спремни ли сте да го откажиме пајакот од утре. Еве го Таско тука, еве го директорот. Ако не е од таму загубата не сте ја виделе. 5 000 000 денара годишно праве пајакот трошок по основ на бруто плата, по основ на регистрација, по основ на гориво. Приход праве колку Директоре.1 000 000. 4 000 000 загуба праве пајакот. Еве да го укиниме пајакот и ЈП е веднаш во добивка така . Ама од општествена, утре кога ќе ти паркира некој пред гаража како да ти помогнам. Значи пајакот е нерентабилен, 4 000 000 праве, од стартот на годината праве трошок. Загуба, чиста загуба. Сега ние не можеме со сила да правиме профит со пајакот. Значи буквално пајакот е неопходен, а трошокот е тој кој што го кажуваме. Да е приватана компанија утре ќе го укине, ама пак викаме дека јавниот интерес, одговорноста према граѓаните треба да ја имаме и затоа го чуваме и функционира како така наречен пајак, кој што треба да отстране возило или да поместе возило за на некој да му удоволе општите или она што му е загарантирано со право на човек да не биде загрозен. Во ЈП Комуналец во делот на администрацијата, немаме вработувања во делот на администрацијата. Јас ги давам согласностите и ги потпишувам . Во моментот се општи работници што барат последните 7 месеци и износ на смет . Немаме друго потпишано ништо. Еве да го

изанализираме. Превоз. Во превоз се 10 возачи и 4 души администрација. Ако мислиш дека треба да ги намалиме, да ги намалиме. 10 возачи активни, 4 администрација од кои што едната администрација е шеф на возен парк, контрола, делови, мелови, нафти, мафти, амортизација и сите работи да набаве, 1 е правник, нашиот советник Филип, еве ако има вишок Филип таму одма кажите. Ние не го исполнивме планот за вработување во ЈП Превоз. Колку е по систематизација Превоз. Значи 15 вработени, уште 12 има можност. Ако ги вработиме тие 12 и се вишок, е тогаш не мора одговорност, само дојди кажи ми Не си човек. Во Општината систематизацијата е за 190 души, 104 сме и кажав и на претходниот Совет тоа е план за вработување, не дај боже да го исполниме, тогаш отидовме не во колапс, за никаде. Значи гледаме максимално домаински, барем ас што викам до 80-90% да ја дотераме работата, дека 100% идеално ќе направиме нема шанси . Ревизијата и критиките за вработувањата јас ги прифаќам како добронамерни и треба да ги има и нека ги слушнат сите, дека сите вработувања треба да бидат транспарентни и да бидат соодветни. За жал се помалку има кадар. Во моментов имам најава од Општина Кавадарци за 5 луѓе кои што ќе заминат од Општина Кавадарци, надвор од Општината, кој се маже, кој се жене, кој работа си бара надвор, а тоа се градежници, архитекти и некој дел на правници. Е сега како ќе ги најдиме тие архитекти и градежници за понатаки, треба да најдиме заеднички јазик уште сега да ги барате, нема да ги најдеме, затоа што платата е прениска за нив и сите одат да работат на приватно или си барат поубава ситуација за функционирање. Никој нејќе денеска со луѓе да се расправа за 25 000 денара и секоједен да може да ти се изнавика и да ти каже што сака. Таа и ни е културата нас, да се разбериме, дека немаме према јавната администрација, а вака ако продолжиме да ја критикуваме ич ќе ја немаме. Значи во делот на јавна администрација мислам дека само ЈП за паркирање нерентабилно е во делот одделение за депо со пајак служба, другото сето е рентабилно, на профитабилна нула да функционира во делот на она што значи паркирање., одбележување, одржување на сообраајни знаци, уличното осветлување и се. Ај пофали тука. Идејата беше заедничка, ги намаливме трошоците за 50% со одржувањето, ама и таму имаме 2 деца, со средно електро, минатата недела се видов, вика Градоначалниче со Директорот разговаравме платата ќе ја покачувате ли . И тија ако си заминат јас и ти на бандерата ако се качиме, не се симнуваме после. Јавните општествени установи, ако ме прашаш мене библиотеката дали треба да има толку вработени како што треба, не треба. Јас откога сум дојден во библиотеката нити имам сменето систематизација, ниту директорот сегашен, ниту претходната директорка смени систематизација. Сите претходни права се наследени од претходните

раководења и се преку Министерството, не знам дали се за образование или култура, не знам каде спаѓаат точно, со блок дотации. Општина Кавадарци не донира ниту еден цент во Феткин Библиотеката, по основ на вработување, ниту еден цент. Во Домот на културата имаме таков проблем, кај што обратно треба да биде, кај што имаме уметници кои што заслужуват да му дадиме решенија и да го изгласаме, не можеме да му дадиме. Одиме со блок дотации, Министерството за култура не ни одобрува, а имаме прекрасни деца кои што треба да ги задржиме во Домот на културата. Библиотеката сите се со блок дотации комплетно од прв до последен и немаме ниту проширување на систематизацијата во последните 10 години, ниту вработувања некои, надополнувања на вработувањата. Се е по основ на пензионирање и тоа ланската година се случи едно и тоа е се. Таму немаме друг човек вработено, у Феткин колку што јас се сеќавам во последните 6 години. Ќе кажиш сега за Винскиот Музеј.Да во Винскиот Музеј земавме 4 лица. Едното лице е присутно секојдневно во куќата на Страшо Пинџур во Ваташа, од понеделник до петок плус на најава да отворе за турист ли или за било што. Второ во Винотеката која што ја превзема Винскиот Музеј, има лице кое што функционира и работе во Винотеката, две лица мислам дека има Информативното Биро така. Прва и втора смена 4 лица. А дали се компетентни директорке ако е ова точно дека отишол турист и му кажал Не знам кај да одиме, еве нека ти го потврде Круме и тој што кажал не знам кај да одиме објасни му како треба да биде и направите му Правилник за работа. У најмала работа тие барем треба да знаат основен англиски јазик да се разберат ако дојде некој турист или било кој. Јас во тој дел ја прифаќам забелешката ако е таква каква што е, да одат на едукација, на досоувршување или било како, па макар и на терет наш нека биде, еден курс нека изодат до 100 евра, ќе го платиме и ќе биде добро за цела Општина и сега како Левица, значи сега вака како Круме од Кавадарци јас пак ќе ти кажам како партија не ме интересира, мене ти многу ме интересираш како човек млад ме разбираш, од тука си од Кавадарци, имаш перспектива и се, давај проекти, давај реални работи да ги прифаќаме. Тоа што треба да го прочиташ, што ти е напишано од Велес, ќе го прочиташ и ќе го заборавиме и толку. Утредента давај реални работи како да одиме напред и знам дека не размислуваш некогаш ти така, ама тоа е и мене ми пишаа кога беше Потпретседател, ама не го читав.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги овие планови за вработување на сите јавни институции по обичај, јас обично ги гласам, ради тоа што не знаеме во кое време каков профил на човек може да ни затреба, не дека не е пренатрупана администрацијата него во планот некој профил што може наредна година ќе ни треба, сега не ни

треба, ние мора да го предвидиме и да го гласаме. На друго сакам да фрлам акцент и да видиме дали на таа тема може малку да се издоговориме, да ги дотераме работите да дојдат малку избалансирани. Тука малку и Градоначалникот ќе го замолиме да биде малку поупорен. Во јавните институции да речиме Паркинг или Вински Музеј или Локален таму оној другиот музеј, ние едно време ја теравме работата и гледавме ако некој оди 5 години со договор да влезе на работа, овој денеска што го примаме па тој да оди една година. Притисокот што го го стори мнозинството према Градоначалникот, Градоначалникот и да сака да се брани, колку што може ќе се брани, некогаш се дига и бело знаме ако не можеш. Тоа е нормална работа. Останаа некои деца што одат по 5 години на работа. Немам таков мој човек, ни од фамилија. Така се направиле работите да некои луѓе останале по 5 години и сега притисокот што го праве мнозинството.Директорката знае кој е, да не го спомнуваме детето овде, да не го увредиме. 5 години оди со договор, негувателка е и секогаш Градоначалник и јас кога бев Претседател викавме прва си што чекаш и она цело време е на прво место, чека, ама преку ред идат. Греота е ако оди 5 години сега денеска некој оде земале решение и тој 30 луѓе го поминале. Значи имаме такви случаеви и во Паркинзи. Да си во првите 20 на работа, уште 30 да влезат, ти да. Планот за вработување ние ќе го гласаме. Сега тие што останале да ги уредиме, нови ќе влегуваат, секако под притисок на власта, тука нема бегање. Тие се малку луѓе на број, да ги регулираме. Институциите што имаат некои луѓе што идат таму со договор, што треба да им дадеме дополнителни средства до Нова Година, мислам кај директорката Весела има такви луѓе, со некој ребаланс со некои пари да ги дорегулираме до Нова Година да не оде некој цела година на работа, а на крај не сме го регулирале. По било кој основ да го регулираме. Тука да удоволиме на граѓаните. Тука се ствара револтот. Овој вчера дојде, јас сум 5 години, јас немам решение, немам плата. Тоа се мали работи што ние можеме . И друга работа што ние не можеме да одлучиме, него можеме да подигниме инцијатива. Сега имаше притисок кога се смени локалната власт, да ги притискаме директорите да си даваат оставка. Тие што беа послаби психички, попуштија, си дадоа.Тие што беа потврди останаа. И сега овие директори што ги имаме во јавните институции да не ги притискаме, самоволно да си дават оставка, нема самоволно давање оставка, притисокот го прави тоа, пред избори да не си ствараме тензии. Тоа е добра работа. Ако згреши ептен директорот Градоначалникот ќе го казни, ќе си оде, али ако го тераме да си даде оставка, пред избори Градоначалник да внимаваме на тоа. Тоа ми е многу битно. Насоката е према вас, да вие бидете потврди ради тоа. Можеме ли колеги како колеги, да не мешаме ВМРО, СДСМ, ваму, таму малку да се издоговориме и тие работи да ги тргнеме. Мала

работа е, а добра работа е и паѓаат тензиитеГрадоначалник мислам немаш замерка.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Само малку да му одговорам, пошто ме повика. Јас прво сум човек што доаѓа од реалниот сектор и тврдам, а добро знаете и вие дека во овие 6 години ни на еден вработен во Општина Кавадарци, ни во една институција не му е наштетено по основ на политичка определба или по основ на било која друга припадност . Ни на еден. Тоа се случува низ цела држава, кај што се менуваат градоначалници и политички партии, со притисок на оставки, завршување на договорот, па зимање на друг човек. Кај нас тоа ниту е пракса, ниту е практика и сите кои се вработени и си ја исполнуваат редовно работната задача и обврска, јас ги охрабрувам да не мислат на тоа дали имат решение или немат, дека кога ќе дојде денот и времето ќе си го добијат решението . Така сме работеле претходно, без разлика што бевме коалиција претходниот Совет и на давањето на решението во Паркинзи, не ги гледавме политички, него ги дадивме врз основа на нивната исполнителност во делот на работењето. Никој нема на никој да му го загрозе работното место, ако си ја исполнува работната обврска и ако има потеба од тоа работно место. Таман работа. Мислам дека тука нема дилема. Во делот на директорите морам да те корегирам Ристо дека во Општина Кавадарци таков прииитттисок јас не знам дека имало и нема таков притисок во Општина Кавадарци, да некој директор си даде по политичка основа оставка. Нема таков во Кавадарци. И нема да има, ако си ја исполнува работата. Ама осветата кај нас не е практика, ние сме демохристијани и простуваме на сите и на сите подаваме рака. И така тераме барем тука.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници точката ја ставам на гласање. Кој е за. 10 за. Кој е против. 6

39. Годишен извештај за работата на ЈОУДГ „Рада Поцева"Кавадарци за воспитната 2022/2023 година од Управен одбор;

Дали некој бара збор. Повели Вуко.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Тука е и директорката на детската градинка. Минатата година пак овој период имавме една одлука кај што Градоначалник ја зголемивте цената за сместување на деца во детските градинки. Пак под образложение на ладна војна, па фрижидерите ги гаселе, па не знам таму што, давате еден голем број на примери и овака сега од Извештајот кој што го гледам, не можам да ги најдам ниту една од тие ставки кои што ги спомнувавте дека е многу голема, дека е клучна и дека ќе го загрозе основното функционирање на оноа што претставува детска градинка. Сакам директорката да ми одговоре на неколку прашања. Прва работа Директорке колку деца имате запишано во детска градинка се на се и каква беше финансиската импликација од зголемувањето на цената на детската градинка и за што тие финансиски средства што ги прибравте дополнително истите

ги истрошивте, бидејќи од оноа што можам да го видам од структура на трошоци и да кажам изговорите кои што беа кажувани и беше правдана одлуката за зголемување на цената на детската градинка, не можам да ги видам, не можам да видам дека енормно е зголемено во делот на оноа што претставува ел. енергија. Зошто ја зголемивме минатата година цената на детската градинка, иако Градоначалник претходно прифанавте и вие и ние како Совет да за одредени социјални категории ја укинеме партиципацијата за детската градинка. Од она што можам да го видам од структурата на расходите јас едноставно не можам да видам што е тоа што е различно од минатата година.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели Директорке информирај не за прашањата поставени од советникот.

ДИРЕКТОРКА НА ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА ЦАНКА ДОБРИНОВА: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседателе и останати присутни. Во врска со првото прашање Колку се опфатени деца така беше мислам првото прашање. Оваа година се опфатени околу 1200 деца. Тоа и кај нас малку се осеќа како во образованието и кај нас е малку, пошто дел се иселуваат, се отпишуваат, меѓутоа таа бројка не значи дека ќе остане истата, пошто во нашиот Закон за детска заштита приемот на деца се праве во текот на целата година. Оваа година се опфанати сите деца што беа на листата на чекање и Комисијата што ги разгледуваше документите на децата, Комисијата беше последниот ден на месец јули, заседаваше Комисијата и до 31-ви јули кои имаа поднесено барање, децата беа сите примени. Е сега во месец август има и нови барања поднесено, меѓутоа гледаме ако има место, се однесува повеќе за поголеми деца веднаш ги примаме, ако се поднесени покасно документите. Е сега за поголем број на листа на чекање имаме за јаслена група имавме и за прва мала и опфатени се сите деца. Значи во Финансовиот Извештај што ќе следува попосле, покачувањето фактички значи континуирано одржување на градинката. Тоа значи дека ние преку нашата сметка, самофинасирачката трошиме за храна. Ние гледаме дека храната колку посто е покачена, значи не заглавивме во тија дел, тендерите немаме откажување на тендери за храната. Исто така и струјата, што значи имаме ние 9 објекти, сите тие 9 објекти домаќински работиме и редовно ни се платени сите трошкови на сите тие 9 објекти, тендерите, немаме застој во плаќањето. Од самата сметка, нашата сметка имаме редовно санитарни прегледи, систематски прегледи. Сето тоа е со покачена цена. Потоа имаме и привремени вработувања, дел плаќаме ние, дел плаќа и Локалната, пошто имаме и поголем дел, поголем број на деца од нормативот. Исто така оваа година имаме предвидено и патничко возило, мислам возило за превоз на храна, бидејќи се планирани.Околу 20%-30% зголемени се трошоците за храна, а толку е и зголемена и градинката. Значи немаме никаков проблем во делот на плаќањето. Јас се соочувам што вика Круме од чаршијарски

муабети. Еве со колешките што се слушаме сите имат проблем во делот на плаќањето и сите ни викат браво на вашиот Градоначалник, како да дојде и кај нас малку, бидејќи ние не можеме да функционираме. Со 1490 денара не се функционира, меѓутоа они немат, дали мнозинство или што. Значи многу е проблем. Стварно 1490денара, значи не можат да опстанат, а плус тоа има и проблем со вработувањето. Во делот на блок дотациите што ни ги даде Министерството, блок дотациите лани што ни беа дадени од страна на Министерството ни се многу намалени. Тоа значи дека од блок дотациите само за плати и за нафта. Ние отворивме нова градинка, меѓутоа ние блок дотациите ни се намалени, наместо да ни се зголемат блок дотациите пошто имавме нова градинка, нас блок дотациите ни беа намалени. Па немавме пари за одржување. Нели треба одржување, палети, нели треба тој објект да се одржава. И уште санираме на тој објект, санираме многу недостатоци, ама ајде да не биде јавно, уште имаме мајстори.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи јас колку што разбрав голем дел од тие финансиски средства отиде на буџет на храна.

ДИРЕКТОРКА НА ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА ЦАНКА ДОБРИНОВА: И на храна и на тековни трошкови, ние имаме тековни трошкови. Значи 20-30% колку што е покачено. Подетална сметка ако сакате од службата ќе ти извадам точно до динар каде е потрошено. Ако сакате на кое конто колку е потрошено подетално ќе го направиме. Не собираме ние ништо приход. Колку што трошиме и толку е. Не собираме ништо вишок ние. Значи ние требаше да ја одржиме градинката, да не влезиме во минус, оти не можеш ни струја да платиш, ни вода да платиш, ни вработени. Имаме 200 вработени. Нема вишок пари. Се гледа ако има вишок пари. Е сега на крајот планираме и возило, мислам и тоа ми е предвидено над милион и тоа ми е. Возило за храна. Директорот се возе со друго возило. Не. За храна. Пошто се предвидува и отварање на градинка и во с. Дреново и во с. Сопот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Директорке ви благодарам за вашето излагање. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Советниче мислам сте задоволен од одговорот. Гледаш кадарот кај мене што е ставен си ги знае работите и компетентно одговара, исцрпно за тоа што треба и се боре за институцијата, што е многу битен момент како за сам себе се боре. Така да мислам дека ретко се наоѓаат такви луѓе кои што стварно се грижат за јавните институции како за себе.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи еве Градоначалник не само што ти се компетентни кадрите, туку и те фалат, викат Прв Градоначалник во Македонија што ја покачи вика цената на детската градинка. Бравос да одите и во другите места да ја покачите. Тоа беше пофалбата јас колку што разбрав. Не, не така кажа. Не добивме конкретен одговор која е финансиската импликација. 1200 дечиња х 500 денара, ќе ги собериме сите

средства x12 месеци колку финансиски средства собрала плус детската градинка. Јас не знам само како уопште на Кавадарци единствен пример на општина кај што детските градинки не можат да функционират со покачувањето, другите можат. Не ми е јасно тоа. Гледам одредени градоначалници од Источна Македонија, веројатно знаете Градоначалник и ви дека они не само што ја гласаа на Совет туку и ја испочитуваа одлуката и ја укинаа партиципацијата за прием на деца во детски градинки. Ние гласавме еднаш, па после заклучок било, па незнам што било, вработување да дадат, па да не дадат, на крајот се се испоштува, само партиципацијата не се испоштува и еве сега пошто еве на пример овоа ми се свиѓа кај Директорката на детската градинка, за разлика на пример од директорот на Комуналец, можеби и тоа е причината ради која што го мењате. Таму го скривте едното патничко возило, а директорката испадна и ни кажа дека еден дел од тие средства кои што сме ги земале од граѓаните ќе ги инвестираме во патничко возило и воа било добро менаџирање на јавните институции и заради тоа што е директорката транспарентна, веројатно ќе добие уште еден мандат од ваша страна, другиот директор ќе го смените затоа што е зборувано.

Дали некој друг бара збор. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Неколку пати спомнуваш менување на директорот на Комуналец, јас не знам од каде овие информации вакви ги имаш. Дали имаш амбиција за директор. Добро. Прво ги злоупотребувате зборовите на директорката, која што, она многу убаво се изрази со емоции, со чувства, со дечиња работе жената и кажа дека ќе се набаве еден автомобил, не е тоа автомобил, да ја корегирам, тоа е превозно средство, да автомобил се вика за транспорт на храна, пошто имаме централна кујна и ја транспортираме храната. Е таков автомобил е тија, не е за да оде она на семинари со него недај Боже. Второ не одговори конкретно. Еве јас ќе ти одговорам. 25% кажа. Еве вие некоја математика правите, ако имаме 1200 дечиња упишано во детската градинка, математиката е лесна за работа ако ја знаеш. Ако негде 100-200 дечиња се социјална категорија и не плаќат и се ослободени од градинка, во просек земи ги дека се 1000 деца така. Ако е по 500 денара зголемена партиципацијата, тоа се 500 000 денари месечно. 500 000 денари месечно е зголемена партиципацијата на ниво на 1000 дечиња. Јас ти гарантирам во едно и убеден сум во тоа и ќе правиме муабет здрави, живи, после една година, после две, после 3, после 5 и ако не бидеме во политиката, пак ќе правиме муабет на ваа тема, да видиш дека сме во право. Еве зошто. Ако сакате систем и ако сакате да градинката опстане и имаме згрижувачки капацитети во градинката, не може да ја униште. Ние можеме да донесиме одлука да ја уништиме партиципација да нема, ама за две години ќе ја нема и градинката. На кој ќе му помогниме така Вуко. На никој. Значи на никој нема да му помогниме. Вчера има изјава од Штип и вика вака Детските градинки се празни. Прочитај ја изјавата. Детските градинки се празни вика. Листа на

чекање има повеќе од 500 деца, не ги примаме децата во градинка, притоа што се празни занималните, затоа што немаме кадар кој да ги чува. Зошто немаме кадар. Не ни дава Министерството согласност. Дали е тоа домаќинско работење. Не ни дава Министерството согласност, носиме одлука на Совет, зимаме времени вработувања, носиме буџет, ги примаме децата. Чија е користа. На децата и на општеството. Чија е загубата во Штип. На децата и на општеството. Нема Општина Штип 5 000 000 денара да одвое за времени вработувања, да си земе и да си ги наполне градинките, а после нека кука и нека плаче за согласности.Тоа е веќе политика. Ние не ја практикуваме таа политика и реално зборуваме. Министерката минатата недела беше тука и кажа убаво, мислам и Веса е сведок и другата советничка е сведок. Браво што ја покачивте цената за 500 денара. Тоа е единствен начин да опстанат градинките, другите градинки дел се со блокирани сметки, Еве воа се нејзини зборови. Со блокирани сметки. Значи не може да се лажиме. Лажната надеж и лекарот не ја оправдува. Мора да ти каже права дијагноза и негово мислење точно, не смее да ја скрие, па и најлошо да е, недај Боже. Така и тука. Да не ги ставаме луѓето во заблуда дека ние ќе ја укиниме партиципацијата и ќе опстане градинката. Шанси нема. 40 вработени имаме преку Агенција за времени, не притискаме ваа година, немало план, догодина, па 5 ќе одат во пензија, немаме веќе потреба од повеќе вработувања во градинката, јасно и гласно кажувам и на политички политички партии и на сите, нема потреба. Од чистачка, до директорка. Тие се. Крај. Наредните 3 години таму нема вработување веќе. У Дреново ќе отвориме подрачна градинка и во Сопот ќе ја отвориме. Дреново ќе биде до крајот на годината, февруари, март ќе биде во Сопот. Истражување направивме, од куќа во куќа во Дреново комплетно, заедно со советникот за преучилишно образование од кај нас, заедно со луѓе од градинката и отидија со Јавен Превоз, еве и тоа да ти кажам вработените од Општината на чело со Надица Дамова и уште две од градинката и направија анализа и има потреба и во Сопот и во Дреново за да има по една паралелка на градинка. Тука е успехот, да има во секое населено место спортска сала, детска градинка, училиште соодветно, вода, струја, пристап. Тоа можеме. Кога ќе има секое село развојна компоненета на ниво град, а и треба мислам одиш по воа селата некако не влеваш во тие јавните објекти. Отиди во Возарци, види го школото, поубаво е од Кавадарци. Отиди во Дреново види го. Да. Го направивме заеднички со Министерството со се, сега распишавме тендер за Возарци спортска сала, за Сопот, за Марена. Еве за Дреново спортската сала ќе ја распишиме. Во тоа е успехот. Во Возарци и во Дреново да имаш спортска сала, да и тие дечиња не бидат хендикипирани од децата во градот. Јавен превоз за 40 денари од Дреново, од Сопот исто. Тоа е благодетот. Градинка ќе му направиме, патот направен, вода, струја, услови како што треба. Не гледам ниедна политичка причина да не се развиват тие села и руралните средини

и мислам дека е тука успехот. Сега вака да ти кажам. Таа градинка што ќе ја направиме во Дреново и во Сопот со по 20 деца, со тројца персонал и храна да ја носиме до таму со тоа новиот автомобил што ќе го набаве директорката, таа ќе биде и 4 000 да платат децата партиципација ќе биде во загуба како клонче така. Ама поштарот оде и за едно плико, оде и за 1000. И сума сумарум кога ќе ја направиме цела погача на финансика конструкција, треба да испадниме ок. Ако ја анализираме една по една градинка, ние треба пола да ги затвориме. Тие се нерентабилни. Во загуба се сигурно. И во Возарци. И во Дреново. И во Сопот. Ама затоа викаме развој на села и рурални средини. Дај Боже потреба да има и во Чемерско да отвориме или во Конопиште некој ден, што јас не го очекувам дека тија ќе го дочекаме како ден. Дај воа да го задржиме што го имаме тука. Така да градинката е осетлива работа. 2000 денара денеска вредат како 1000 денара пред 2 години или 1500. Сами знаете, тоа го гледаме и сите го бараме и го кажуваме истото. Вредноста на средствата финасиски е опадната куповната моќ и тоа важи за сите и за јавните и за приватните и за пензионерите и за градинките и за Комуналец и засе. Така да мислам во прав момент добра е таа одлука што се донеси, не политичка, и ако прашав во политичка партија или било кој или ако само политички работев , немаше да дозволат да ја покачам градинката. Не е добро тоа. Бегај. Оѓин. Ќе се изгориме. Зошто бе да се изгориме. Ќе опстаниме. Ќе работе уште 50 години градинката. Јубилеј ни беше 60 така. Ќе си тера. 1200 деца на ниво град од 37 000 жители , најди ми еден град колку од 37 000 жители има запишано деца во градинка. Листа на чекање колку имаш. Нема. Нула листа на чекање. Тоа е успехот. Политички гласови и поени се собираа во претходни политички кампањи за упис на дете во градинка. . Тоа го работеа. Е сега нема деца за упис, ќе си гласа за кој сака. И ќе си гласа за Митко Јанчев пример. Така да прав е патот и потегот е одличен. Директорке така продолжите.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи по математиката што ја направивме Градоначалник околу 100 000 евра плус пари му зимаме на сите граѓани и ги даваме на детската градинка, а претходно имаме одлука донесено кај што требаше да за одредена категорија социјална, ставивме дури и параметар да истите ги ослободиме. Градоначалник како тогаш сме носеле одлука која што не е популистичка, а после неколку месеци сте донесиле. Кога сте биле во суштина во право. Кога сте ја донесиле таа одлука за ослободување на одредена категорија деца од партиципација или бевте во право ка ја зголемивте цената на детската градинка. И зошто 100 000 евра плус пари на граѓаните им зимаме . Легитимно ми беше прашањето. Кај ги трошиме. Во што ги трошиме. Со цифри прецизно сакам, пошто вака на овој финасиски извештај не можам да видам ништо. Како само единствена општина ние сме во цела држава, која што не може да опстане, а на пример другите можат да опстанат.

Како само ние сме единствена општина која што не може да опстане без покачена цена на детска градинка.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Советниче изгледа не ме слушна добро кога ти кажав дека дел, не сакам да цитирам Поголем дел од детските градинки во Републиката се со блокирани сметки. Тоа значи ако останат со блокирани сметки дека ќе отидат во колапс, а тоа е само заради тоа што не ги покачија парите за партиципација . Државата нема начин да ти ги надокнаде. Тоа значи детската градинка и градинки се празни како простории, не примат деца оти немат вработени . Ние не го правиме тоа, даваме пари за времени вработувања. Тука е разликата кај што ги трошиме средствата, да ги земиме децата во предучилишно образование. Кога сме биле во право. Јас не гласам. Вие гласате. Јас само предлагам. Еднаш може да ти предложам вака, после правиме анализа, предлагам така, али секогаш ти е даден материјалот на време и да го читаш и да го гледаш и да го анализираш и да го дискутираш на Советот. Значи во делот на инцијативата на Левица, тоа што беше и јас стварно вака од они што зборуват од Левица, многу прекрасно звучи тоа. Вика дај да ја намалиме детската градинка. Како да му речиш не. Супер. Убаво звучи. Дај сега да направиме анализа. Кога направиме анализа оно било за покачување, не за намалување. Ако му речиш одма не, ќе ти рече еве го нејќе. Значи мора да му аргументираш. Така да они се малку незгодни во тија дел. Затоа ние кога изанализиравме, кога видивме дојдиме до факт дека треба да се покаче за 20%, заради покачените услуги на самата градинка и мислам дека воопшто не се згреши и нека си биде градинката како што треба да ги згрижe децата и мислам дека други забелешки таму немаме, сите родители колку што јас можам да дознаам се задоволни од начинот и функционирањето на самата детска градинка Рада Поцева Кавадарци.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани точката ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. Ружица. За. 12 за. Против. 4 и 1 воздржан.

40. Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Рада Поцева"Кавадарци за воспитната 2023/2024 година донесена од Управен одбор;

Отварам претрес. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Ружица. За. 12 за. 4 против и 1 воздржан.

41. Извештај за редовното работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџи Василев Јасмин"Кавадарци за прво полугодие од 2023 година донесен од Управен одбор на ЈП"Мито Хаџивасилев Јасмин" Кавадарци.

Отварам претрес. Дали некој бара збор. Точката ја ставам на гласање. Ружица. Диме. За. 12 за. Воздржани 1. Против. 4 против.

42. Годишен План за вработување за 2024 година на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџи Василев Јасмин"Кавадарци, донесен од Директорот;

Кој е за. 11 за. 5 против. 1 воздржан.

43. Извештајот за работењето на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци за период од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година донесен од Управен одбор;

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Почитуван Претседателе, почитуван Градоначалник, почитувани колеги советници, почитувани медиуми. Имавме од страна доставено навистина добар и целосежен извештај од ЈП Паркинг Кавадарци. Во претходните седници отсекогаш беше анализирано и се беше од страна на опозицијата критикувана работата на ЈП Паркинзи. Од целокупниот финансиски извештај се гледа дека оправданоста на ЈП е голема, а исто така и под неговото постоење и неговата работа. Зошто го велам тоа. ЈП не е создадено да ствара приход и да бележи позитивни финансиски резултати. Да биде во нормала, односно да биде рентабилно. Што значи тоа. ЈП Паркинг е формирано со цел да се надмине сообраќајната култура, односно да се надмине сообраќајниот хаос што пред неговото формирање беше присутно. Во делот на собраќајната култура многу е напреднато во тоа и од страна на сите граѓани има позитивни реакции во делот на ЈП Паркинг. Од вкупните приходи што се остварени, заклучно со 30. 06 се во износ од 23 194 000 денари. Од оперативни приходи, тоа е од основната дејност се 9 357 310 денари. Приходи од донации за основната дејност се 3900 000 денари дополнителна дејност, што го превзема ЈП Паркинг фарбањето на пешачките премини и улиците. Тоа изнесува 1 499 150 денари. Приходи од одржување на улично осветлување, 911 475 денари, приходи од дополнителна дејност улично осветлување 6 382 282 денари, приходи од амортизација 1 111 767 денари. Останати приходи 32 023 . Во вкупните расходи заклучно со 30.06.2023 вкупните расходи се во износ од 22 889 389 денари, оперативни расходи се 16 439 028 денари, финансиски расходи се 68 079 денари и расходи од дополнителна дејност. Тоа се од улично осветлување 6 382 282 денари. Најголем дел од расходите се однесува на тековните плати на вработените, одржувањето на уличното одржување, потоа материјалните трошоци на тековното работење. Значи немаме дополнителни и многу ситни тековни трошоци за финансиско работење. Сметам дека оправданоста на ЈП е во целост. Исто така ЈП Паркинг ја покажа својата оправданост и сите заложби што ги правевме ние како советници во делот на порентабилното работење се исплати. Затоа сметам како советник, а и мојата советничка група ќе гласа за ваквиот извештај.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги ние имаме ЈП за паркирање, меѓутоа имаме сеуште одредени проблеми во делот на средувањето на оноа што претставува паркирање низ градот. Ние имавме една состојба на улица Дисанска, да без одлука на Совет наплаќаме паркинг на граѓани и кога тоа ќе помине без казна, почнуваат да се повторуваат и други пропусти од страна на ЈП и више граѓаните почнуваат да имаат дилема дали, кои се обележани и кај смеат да паркираат, а кај не смеат да паркират. Станува збор за улица ми се чине Пано Мударов беше, кај црквата, паркингот кај црквата, да на непонуштени паркинг места, односно активни паркинг места, бележани паркинг места од лево и од

десно ставате од левата страна канци и ги дигате колите, а ги поништувате паркинг местата, дури една една недела или две недели после тоа. Овоа беше случај во крај на месец јули, кај што сте решиле да поништите одредена паркинг линија од страната на црквата на непоништени паркинг места им ставате на луѓето канци.Значи на бележани места за паркинг. На бележани места, донеле одлука да го префрлат делот на паркирањето од левата страна на десната страна, ме разбираш. На левата страна се паркират луѓе, сеуште не се поништени, односно нема соодветно обележје, а ЈП Паркинг пред мои очи му става канца на граѓанин. Не сте запознаени со таква ситуација. Сакам да ви кажам дека се случуват пропусти. Друга работа. Имате на одредени паркинг места каде што сеуште немате воведено зонирање, а имате поставено табла. И на пример станари од одредена зграда не плаќаат паркинг, а на паркингот пред зграда имате табла и оние кои што доаѓаат како гости, доаѓаат паркираат, не знаат и пуштат порака. Имате и таков пропуст направено. Сакам да ви кажам дека кога не се санкционира одредена работа, се случува да овие пропусти се продлабочуваат и истите продолжуваат и во наредниот период и ние буквално ќе го доведиме, пошто ова станува збор за ЈП, коешто стопанисува јавен простор, односно да им овозможе на граѓаните услуга да се паркираат , да го доведиме во прашање кредибилитетот на ЈП. Дали таму каде што е бележано има одлука на Совет, нема одлука на Совет, дали е поништено, дали ќе го поништат после една недела. Дали треба да се наплате паркинг или не треба да се наплате паркинг. Мислам дека вакви пропусти не ни требат, ако сакаме да го задржиме и ако сакаме да не ги доведиме граѓаните да се сомневаат во однос на она што претставува работење, во однос на она што претставува јавни паркинг места.

ГРАДОНАЧАЛНИК: По однос на тие пропусти ќе одговоре претставник тука од ЈП. Јас само за во иднина би те замолил кога ќе видиш такви пропусти да ги пријавиш соодветно и времено. Зошто чекаш Совет, да испаднеш на говорница, а меѓувреме може се повтарат грешките 20 дена, така да тоа се решава веднаш, пријава, дали на 13-300 ќе се јавиш, дали на Паркинзи и не мора како советник и како граѓанин можеш да го пријавиш тоа за они да го исправат, доколку е така. Значи само една сугестија за тоа, да не чекаш Совет него да го пријавиш веднаш, за да може да го исправат, доколу е точно. А дали е така, ќе си одговорат они како соодветни личности.

ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ ЈОРДАН НАСТОВ: Добро во врска со овоа јас мислам паушално малку кажано. Не се работе за необележани места или за обележани места. Ќе ви кажам како. Значи прво над црквата на тој паркинг на барањето на станарите и дуќанџиите што беа, бидејќи беше претходно по елаборатот дозволено паркирање од лева и од десна страна, меѓутоа беше тесен просторот, на барање од сообраќајниот инспектор беше одлучено да делот над црквата тија 6,7 места да се

поништат и тија беа двапати префарбани со црна боја, меѓутоа бидејќи беа избледени повторно се познаваше белата линија и после воа сега Вуко што го кажува го знам случајот, тоа со полиција налог, а тоа беше влезено во сите одлуки дека кога се презонира зона Б4, А4 и А10 дека дотука беше зоната, значи само од десна страна се паркира, левата страна беше поништена, меѓутоа двапати се поништуваше со црна боја, со асфалтна боја, повторно се познаваат траги и на барање на тоа уште еднаш е поништена, пак се пребришани, меѓутоа тоа возило Вуко што ви кажува, тоа е по барање и налог на полицијата е кренато возилото. Знам за кое и не е по наше, меѓутоа таму има легитимно право, бидејќи тие се места со одлука, со решение на сообраќајниот инспектор се поништени, бидејќи беше тесно и имаше неколку случаи на закачување на возила при разминување, поготово автобуси или товарни возила и левата страна беше поништена, двапати беа префарбувани и повторно се познаваше белата линија, поизразита беше, така да уште еднаш се префарбани тие места.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи вие сте соучесник. Веројатно некој ваш пријател е овој и ти се има јавено, а ти го немаш тоа соодветно пријавено, го чекаш на Совет да поентираш. Ти си соучесник.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Градоначалник, не го познавав човекот, туку му ставаа канџа пред мене. Одам, се паркирам до црквата и од другата страна ми викат тргни ја колата таму се поништени, гледам околу мене важечки паркинг места, си паркирам на важечко паркинг место и ми сугерират дека од другата страна ги казнуват и ги креват граѓаните кои што паркират од таа страна, дека истите биле поништени, арно ама дека у реалноста не се поништени и сега ако сакате да ја изврտувате работата тука, мислам се знае ли што е паркинг место, бележано, кај смеат граѓаните да паркират или не се знае. Тоа ми е прашањето.

ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ ЈОРДАН НАСТОВ: Еве едно надополнување само. Значи последниот пат да не се бледат оние линиите што беа бело, па црно се поништени веќе со иксови, бидејќи веќе иксот кога ќе се ставе на тоа, веќе не се брише, а претходно беа поништувани местата паркинг што беа одбележани, поминувани беа со асфалтни бои и тоа бидејќи таа бледнееше повторно сега се поништени со иксови, а Вуко ако мислел дека треба таму да се паркира, дали пуштил и порака за да се паркира.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Почитуван Директоре што се случува со улицата Цветан Димов кај што имаме , го спомна и претходно советникот, значи има табла за наплата, а всушност таму конкретно беше образложено, не добивме одговор, еве јас го поставувам истото прашање. Станарите во зградите не плаќаат, информирани се сите други, таблата си е важечка, местата за паркирање се се паркират и си пуштат пари, значи истото ни се случува пандан на Дисанска улицата што беше. Без одлука на Совет на Дисанска се паркираа луѓето и си трпеа и казни, си пуштаа пораки без одлука на Совет помината, сепак претпријатието си

имаше финансиски нормално добивка. Е сега се случува истото, не сега Цветан Димов е уште од првите улици во зонирање, а таму не е регулирано. Зошто е тоа така ме интересира конкретен одговор.

ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ ЈОРДАН НАСТОВ: Тоа ако кај Гоце Делчев спроти, таму требаше, баш и на еден собир беше тоа со граѓани уште кога се формираше тој дел, таа зона, меѓутоа беше одложено дека требаше уште дополнително да се направат уште места и затоа беше одложено и таму не правиме контрола, таблите се наместени, меѓутоа одложено беше пуштањето со цел да се доизградат меѓу зградите или како беа.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не може на бележано паркинг место оде човек си паркира и му ја креват колата, пошто у меѓувреме било поништено. Не си го поништил. Сте дале ли информација во јавноста да знае дека таму не се паркира. Не сте дале. Верујте го доведуваме у прашање кредибилитетот. Од кај јас да знам утре дали одредено паркинг место е поништено или не. Може е поништено, ама не е одбележано дека истото е поништено.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ама види Вуко на толку паркинг места, ако цел месец го знаеме како проблем, го детектираме и чекаме на Совет тука.

Почитувани точката ја ставам на гласање. Кој е за. Тоа е Извештајот за работење на ова ЈП. 10 во сала. Значи за гласаа. 4 против.

44. Измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2023 година на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци, донесен од Директорот;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. 14 за. Двајца против.

45. Годишен план за вработување на ЈОУ Локален вински музеј за регион Тиквеш – Кавадарци за 2024 година донесен од Директорот;.

Отварам претрес. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 9 за. Против. 6 против.

46. Одлука за давање согласност на Одлука за давање на движна ствар на трајно користење без надомест на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци;

Кој е за. Едногласно.

47. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

48. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година (погребални трошоци);

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

49. Наративен и финансиски извештај по Програмата Културно лето „ГО САКАМ КАВАДАРЦИ 2023“, доставена од Иноватива Груп ДОО Скопје;

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Јас сакам само да кажам, да го пренесам мислењето на граѓаните во врска со ова Културно лето Го сакам Кавадарци. Има позитивни размислувања, пофални зборови и забелешки. Забелешката се однесува во врска со организирањето на Боемската вечер, многу убаво е оценета, ама не таму каде што беше, кај пазарот, до градското вц. Има предлог наредната година од страна на граѓаните да биде на Илинденска, што повеќе да има маси и да биде 3 дена, петок, сабота и недела за да може секоједен да го посете. Тој дел е така. И во делот на тие околу 50 дена колку траеше ова манифестација да се организират, да не биде натрупано за Гроздоберот за 3 дена еден куп пејачи, па се дуплират, па по еден саат или 40 минути пеат, дајте да се направе, па и предлогот што беше на колегата Маневски за локални уметници, да и тие земат учество, да му се даде можност, па и ако треба да се платат, ама да има забава речиси секој викенд по некој пејач. Да се викнат на двете недели по некој од овие што се за Гроздоберот сите натрупани.
СОВЕТНИК АЛЕКСАНДАР МУКАЕТОВ: Почитувани јас би сакал во оваа прилика искрено да им честитам на општинската администрација или на отсекот за култура што навистина овие 50 дена приредија стварно убаво Културно лето и мислам дека граѓаните во Кавадарци беа презадоволни и мислам дека ваква манифестација нема нигде во Македонија. Ги охрабрувам и би сакал во иднина да им го зголемиме буџетот, бидејќи со стварно ниски средства направија многу и уште еднаш да им честитам и отсекогаш ќе ја имаат мојата подршка .
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани дали некој друг бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за успешната имплементација на Кавадаречко Културно лето спроведено од Иноватива Груп. Кој е за. 11 за. И 1 воздржан.

50. **Предлог –Решение за изменување и дополнување на Решение за разрешување и именување на членови во Надзорниот Одбор за контрола над материјално финансискотор работење на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева"Кавадарци**

Повели Претседателе накратко.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За замена на нов член на Надзорниот Одбор се предлага Верица Шалева ставена на Мандатната Комисија.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за. 1 воздржан.

51. Предлог-Одлука za отповикување на лице што ги извршило подготовките за регистрација и почеток со работа на установата;

Отварам претрес. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

52. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за класификација на објектите за спорт во рамки на Општинските Основни и Средни училишта во сопственост на Општина Кавадарци.

Отварам претрес по оваа точка. Не бара никој збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

53. Извештај за извршена самоевалуација на ООУ„Тоде Хаџи Тефов " Кавадарци за учебната 2021/2022 година и 2022/2023 година донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација.

Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

54. Годишен План за вработување за 2024 година на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци, донесен од Директорот на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци

Кој е за. 11 за. 1 против.

55. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за кофинансирање на Проект „ Изградба на Дневен Центар за лица со телесна или ментална попреченост„

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор . Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

Почитувани советници го исцрпивме денешниот дневен ред. Поминуваме кон последната точка.

56. Советнички прашања.

Градоначалниче кога беа предложени Советнички те прашања бевте надвор од сала, значи пракса преку една, меѓутоа се договоривме со советниците во иднина однапред да ни биде најавено советнички прашања, за да можеме да ги ставиме на дневен ред, да ги знаеме. Ќе го имплементираме денеска во разговор со Градоначалникот . Почитувани советници повелете кој е за советничко прашање. Повели Златевски, па Круме.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: За 16 септември 2023 година се организира некој протест, меѓу кој што меѓу граѓаните во врска со изградбата на некој електроцентрали на реката Дошница на Кожуф Планина и тука се зборува за присуство на граѓани и од Кавадарци, Неготино, Демир Капија, Гевгелија. Дали Градоначалниче имате информација за какви централи се работе и сакам да ги информирам, а и граѓаните да ве слушнат вас за што се работе, за дали тија

протест му е оправдан, дали ни ќе сносиме некоја одговорност, дали нешто се работе позади пред ние да дознаеме и да бидиме информирани за тија дел. Второ. Во врска со информацијата што ја даде Круме за Информативно Туристичкото Биро јас бев тој што му спомнав. Во последните неколку месеци имаме странци од Фронтекс, тука кои што се на привремен престој и неколку од газдите на станевите кои што ги издават кај нив реагираа, биле во Информативно Туристичкото Биро и таму не му дале информација каде да ги носат гостите, односно овие за пладне барале кои места во нашата Општина да ги посетат. Не добиле информација, а последните 2 месеца на моја инцијатива заедно со Крсте од туризам тука во Општината имавме неколку состаноци заедно со туристичките работници, со туристичката агенција и со сместувачките капацитети и со рестораните. Тие се многу продуктивни и за наредниот Совет ќе биде предложена Програма изработена од нив за развој на туризмот во Кавадарци и мене ме интересира како може овие вработените во Информативно Туристичкото Биро да не бидат заинтересирани кои се тие мапите каде што треба да ги упатат туристите, гостите во нашата Општина. Тоа е стварно загрижувачки, да зимат плата, а да не бидат уопште заинтересирани. Во најмала рака би требало барем туристичките агенции да ги прашат што има значајно во нашата Општина и да ги упатат таму туристите . И трето прашање. Минатиот Совет не бевте присутни кога се разгледуваше Извештајот за буџетот до 30.06 во нашата Општина, бројките ми беа малку сомнителни, буџетот ни е оптимистички и со двете раци и од срце сакам да се реализира и ми интересира од вас да слушнам дали ќе имаме доволно средства до крајот на годината да ги реализираме сите предвидени проекти со буџетот или ќе ни се случе да правиме ребаланс за намалување на буџетот, за да пак доприме до она бројка од 90 и неколку % реализација, што не би било добро. Јас сакам да имаме можност да го реализираме во целост, без правење на ребаланс во надолна линија.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван советниче Златевски ај би почнал од третото па нагоре. По однос на буџетот и од она што се загрижувате и нормално да се загрижувате дали ќе го исполниме и дали ќе имаме ребаланс или пеглање на буџетот, што би рекле за да програмата биде остварлива. Едно само може да ти ветам во овој момент дека од капиталните инвестиции кои што се предвидени за оваа година 23-та година нема да биде ништо изземено. Што значи тоа. Дека се е распишано на тендер и се ќе се воведе во работа. Дали ќе се заврше до 31-ви декември не сум сигурен, зависи од временски прилики, зависи од фирмите добавувачи, од непревидливи работи, али дека тоа што го

ветив пред граѓаните и го кажав и пред месни и пред урбанми заедници и што е ставено во програмата цело ќе биде тендерирано, воведено во работа и нема ништо да се изземе од тој поглед како комунална инфраструктура во делот на Општина Кавадарци. Да секако ќе имаме ребаланс на последниот квартал. Во што ќе биде ребалансот. Ребалансот ќе биде во делот на недај Боже евентуално поместување на енергенсите, пеглање во делот на расходите, заштедите и кусоци и минусци во делот на тендерските постапки, оти од многу тендерирани постапки ние имаме и доста заштеди. Условно кажано сме планирале проект проектански да биде 20 000 000 денара, го спушташ на тендер , го земал некој за 16,такви заштеди на средства мора да ги елиминираме затоа што како опашки ни висат, а тоа е во наша полза. Од друга страна ќе има ребалансирање по однос на тоа колку и проекти ќе добиеме и кога централната власт и агенциите ќе ги распишат повиците. Еве сега имавме денеска точка 10% за учество во делот на Домот за лица со попреченост. Претходно таква обврска немавме земено, меѓутоа во разговор со Министерството беше очигледно кажано дека треба да земиме некаков удел и тие 10% се 4 000 000 денара и плус непревидени работи ако излезат дополнителни од тендерската документација, односно вредност до 20% , односно, а тоа е 8 000 000 и ние ги превзимаме како обврска, зависи како ќе биде пеглањето на буџетот, меѓутоа нема да има намалување на ниедна комунална изградба ли, инфраструктура или било кој друг потег. Тоа со Инфо Центарот трети пат ми го спомнувате. Јас уште утре ќе си ги викнам сите вработени од Инфо Центарот. Две ли се, три ли се, незнам на чело со директорката и да видам што се случува, искрено ти кажувам. Не е во ред ако е така и тоа Инфо Биро и Инфо Центар е моја идеја од првиот мандат и јас го создадив да го има како такво, со единствена цел да личиме на град, да има кој каде да праша, да земе брошура, да каже туристичка агенција, туристичка мапа, винарии, Вински Пат, па дури и да наметне нешто, а не па да скрие, а не па да рече незнам. Тоа е жива катастрофа. Тоа ми беше по примерот на поголеми градови. Ние направивме една просторија кај што имаме Информативно биро, не за да вработиме човек, него стварно има потреба, еве пример Фронтекс ли, Дрекслермајер ли е, кој и да е странец да се информира, па макар и жител да е од друг град. Значи утре ќе си ги викнам на состанок да видам што е тоа и ако не се компетентни и соодветни ќе има соодветна замена за таа работа, а во делот на туризмот кај нас го воде еден упорен човек во делот на туризмот, тоа е Крсте од Општина како професионалец и мислам дека многу добри работи направи во последните 3 месеци и ги работат сите работи, од патокази, знаци, од емисии

снимања, од сите работи и мислам дека движиме во прав правец. Туризмот сами знаете не се развива преку ноќ, али глупо е воа да го слушаме и ме иритира искрено ти кажувам дека ќе си превземиме сооодветни мерки и да ја испитаме таа ситуација .За ова што го кажавте Дошница, на 16-ти септември, тоа јас мислам од пред минати години е завршена работа како концесиски дел, не е сега нешто ново. Од каде инцијативата сега ова да се потикне и да се направе стварно не знам некаква позадина, меѓутоа добро е како Општина да бидиме во тек надвор од политички чинители, да видиме реална ситуација каква и што е, па да не се доведиме и ни како општина во ситуација или како држава да пак плаќаме пенали на нешто веќе дадено, па да го опструираме, да го правиме, да го укинуваме како што државата или сега некои дел други општини плаќаат пенали непотребно на приватни инвеститори, по однос на добиени претходни права. Така да ќе ги слушниме луѓето, ќе ја слушниме стручната афела. Јас не верувам дека некој би добил концесија за хидроцентрала, доколку сите министерства не бидат целосно исцрпени, а најмногу Министерството за животна средина и просторно планирање кое што е најадекватно да ја даде последната и водосогласност и концесиска и кординати и се и нормално да оној биолошки минимум што треба да функционира да биде во делот на прописите и елаборатите. Исти случај знаете дека имаме и со 5 минихидроцентрали на Бошава системот. Тоа е на реката Луда Мара. Сме имале често проблеми каде што минималниот биолошки минимум би загрозен, сме реагирале па дошло до подобрување на таа ситуација, така да ќе ја видиме како и што е и ќе застанеме на правата страна, односно на тоа што е реалното. Мислам дека тие беа прашањата. Благодарам уште еднаш за прашањата.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Градоначалниче сакам да прашам доминантно за општинските инспектори и за Мој Општинар. Значи имаме од неколку граѓани пријавено што за палење на оган, што за горење на несоодветен материјал за варење на ракија итн. и еден случај кој што многу привлече внимание, била потребна интервенција на улица 14-ти Мај за да се отстрани живина, кој што наш жител одбил да ја отстрани, чува живина која што смета во овие жешки температури на целата населба таму, одбива, биле викнати неколку пати и од Мој Општинар и општински инспектори за животна средина, но интервенција нема превземено досега, дури дошло до физички пресметки помеѓу соседите, затоа што Општината не си ја завршила својата работа според тоа што сум го слушнал, еве вие ќе ми кажете дали е точно. Тоа е за првото прашање. И имам второ прашање кое што е за село Дреново. Неколку пати ја спомнавте

градинката. Јас бев деновиве таму, го видов објектот на старата амбуланта во каква состојба е, тешко дека до крајот на годината вие би го приспособиле тој објект за да стане нели градинка, но ако е навистина така секоја чест. Еве сакам да им кажете и јавно на граѓаните до кога би била изградена и да ве земиме за збор во однос на тоа. Во однос на прочистителната станица, имаат прочитителна станица една деценија, која што никогаш не е пуштена во работа заради незнајни причини. Ете претходниот мрачен комунистички режим ја изградил таа прочистителна станица, која што има капацитет за прочистување на водата до 80% и истата би била соодветна за наводнување, според тоа мештаните што ми го пренесоа, но никогаш не е пуштена и сега е во многу лоша состојба. Кои се вашите планови околу тоа. И вчера беше првиот празник со децении наназад каде што мештаните на селото немаа Дом. Вие сте им го рушиле Домот, не сте им изградиле нов, значи сте им го срушиле Домот пред да обезбедите средства за изградба на нов Дом. Кои се вашите планеви во однос на тоа.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Знаев дека ќе биде вака. Е вака. И затоа Митето пред да го руше Домотги натера да се потпишат сите селани во с. Дреново, на чело со МЗ и да стават печат и потпис дека дозволуват да се руше Домот и да се распише тендерска документација октомври, односно најкасно јануари од другиот буџет. Оти јас ги знам Дреновци како ќе биде таа и ќе ти го покажам записникот, не го рушев јас Домот, моја беше инцијативата да изградиме нова спортска сала и откога ги пуштиме машините да рушат, ги повлековме, викам Седи мирен, оди нека ти се потпишат сите, нека ти стават печат и потпис, после ќе почниме да работиме и фала Богу што ете инстинктот ме не варао. Тоа е добро. Така да во тој дел пак си стоиме за зборот, проектот е направен и сега викаш прва година без Дом, претходно беше нефункционален, ќе ти падне врз глава. Нема врска. Нереално е. Проектот е направен. Проектот ќе содрже спортска сала за потребите на училиштето и на самите жители во с. Дреново и простории за МЗ. Тоа е. И ќе го направиме. Проектиран е, ставен е во план, догодина го ставаме, ќе го изгасате и го правиме. Добро е што си го обезбедивме ливчето. Едно ливче многу значи. 14-ти Мај мислам дека е Глишиќ некаде така. А Златибор горе. За таму не знам за случај за чување на животни, ваму во Глишиќ знам дека имаше стадо некое со некакви кози и имаше такви реакции и ги тргнавме у Марена мислам беше, али еве за 14-ти Мај улица ќе си превземам обврска уште утре да испадне комунален инспектор, веќе ако бил да ни образложе и да видиме зошто не е превземено и за што станува

збор. Ако знаеш поточно ќе ми кажеш после за што станува збор и верувај дека нема да оставиме на случајност да некој биде загрозен од друг жител и да некој непријатно се осеќа. За Дреново амбулантата дали ќе биде. Ќе биде. Распишавме тендер во месец мај, во месец јуни на крајот се склучи договорот со фирма, мислам дека беше од Струмичка Општина или Струмица, фирмата во рок од 25 дена не се појави да работе на објектот, дадовме негативна референца, активиравме банкова гаранција, во рок од 15 дена, после тија нели правни постапки распишавме нов тендер, тендерот е завршен, правно формално, комплетно, треба од понеделник фирмата да се воведе во работа, пак мислам дека е некоја фирма Радовиш ли, Штип, првпат ни се јавува на тендер, не е нешто големи градежни зафати да се направат таму негде се околу 3 000 000 денара преадаптацијата на објектот и мислам дека доколку фирмата недај Боже биде како оваа претходната, нема зошто да биде таква, во тој случај имаме не реални, него стварно објективен временски рок до Нова година да се завршe, затоа што претежно се внатрешно уредување, не зависи од временски прилики, не зависи од ладно, топло, дожд итн. Прочистителната станица Еве ти си бил вчера во Дреново, јас уште пред 5 години сум ја дискутирал и сум ја видел како прочистителна станица и таа е пуштена уште многу поодамничка, 2003 ли, втора ли, четврта тука. Прва изградена прочистителна станица со некаков вид на трски. На 5 души му предложивме, 6 души прашавме сите грчат рамена и за таква филтер станица значи никој нема во Македонија што може да земе и да обнове. Што е суштината. Таа е пуштена во работа, не дека не е пуштена, али за да се обнове и да профункционира треба да се саде трски околу неа, треба некакви активни бактерии да се носат и такви работи кои што за нас уште се непознати, а тоа е некој проект преку Британска Амбасада и така е имплементиран во с.Дреново и жално е што не работе, меѓутоа не е тоа дека не работе од што не е ставена во функција, него е истрошена како систем и треба да се обнове со соодветна технологија, односно не е ни технологија, био материјали се, трска, не знам бактерии, тие работи за да може да функционира. Тоа е. Е сега исто и за Дреново се донеси УП, се донеси и за Раец и баш тоа ќе биде идните инвестиции и во државата и во општините, развивање на руралниот сектор во делот на прочистителни станици, водоснабдување, канализациони системи и мислам дека ако има економска оправданост за таа да се рестартира и да се пушти како прочистителна станица во ред, ако не ќе аплицираме за понова технологија која што ќе биде одржлива и исплатлива.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНАЃОРЃИЕВА: Градоначалник пред некоја седница на Совет донесивме одлука за превземање на Ученичкиот Дом Крсте Петков Мисирков во надлежност на нашата Општина. Ме интересира до каде е постапката, бидејќи ситуацијата со Ученичкиот Дом е загрижувачка, исклучена е струјата. Немат воопшто запишано деца и што треба со Министерството за образование да се превземе. Дали е застојот од нивна страна ме интересира.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи ние се обративме до Министерството, Министерството експресно, децидно ни одговори пред 6 месеци дека со одлука на Влада уште 2013, 14-та, 12 –та година училишните домови треба да ги превземе. Разговаравме, пуштивме, бевме во МОН за да ни кажат што ни дават, колку ни дават долгови, колку ни дават обврски и кои се приходите, кои се расходите. 57 деца беа лани згрижени, еве сега велите дека нема ниедно што е многу лошо. Јас очекував тоа да се заврше многу побрзо. Информацијата била до Влада. Ова е укажување од МОН дека информацијата е до Влада и треба да ја поминат на Влада . Ова е информација од пред 3 месеци и уште неколку пати се имаме јавено и зошто досега не е поминато незнам, јас дури со таа работа еве не е тајна сум разговарал и со Круме како советник да по превземањето он како млад човек, перспективен и сите работи да се гриже за тија Дом понатамошно, индиректно, макар и директно во делот на функционирањето и да направиме јавна установа под Општина Кавадарци и чекам час што попрво да го дадат, а кога е го дадат гарантирам дека ќе има и струја и смештај како што требе и ќе биде реновирано. Значи одлуката од Совет што ја донесивме за превземање на Домот, утредента е пратена соодветно и после тоа не само што е пратена и неколку пати е појдено таму и разговарано и укажано од нивна страна дека е на Влада, на Комисија на Влада, така нешто и час побрзо еве ако може и Вуко да се заземе како Претседател на Општинска Организација во Кавадарци, со мнозинство во Владата, да помогните, стварно ќе биде многу убаво Вуко, ќе го реновираме, ќе го реставрираме и ќе го направиме Домот, децата ќе имат струја, вода, храна, безбедност се. Во првиот момент кога стигна информација само дека треба да го превземиме, јас во истиот момент, во истата секунда му реков ставате точка на Дневен ред на Совет на следна седница и го превземаме веднаш. Е тоа беше мојот одговор. А зошто претходно не е, појма немам. Те повикав да се заложиш за побрзо да го превземиме.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колешке многу сакате да дискутиратево врска со Домот.Значи вака прва работа во однос на Домот ја знам

ситуацијата каква е, точно е дека има закон да ги превземе Општината. Точно е дека Градоначалник и вас ви е понудено да го превземите, меѓутоа не сте пројавиле интерес заради фактот што Ученичкиот Дом не генерирал приходи и ќе ви било терет. Втора работа. Треба колешке да знаете каква да кажам структура на вработени имате внатре во Ученичкиот Дом и дали тие се во роднинско пријателски поврзани и во кое време се правени такви вработувања. Трета работа. Во делот на промената ја тера цела процедура Училишниот Одбор. На сред постапка тие роднинско пријателски релации кои се многу блиски, прават се за да се опструира ситуацијата. Е тоа го правите вие внатре во институциите колешке, да знаиш. А тоа што го има направено претходната директорка, нека ис служе на чест, јас се надевам дека ќе си влезат институции и ќе си испитат како функционирала, зошто функционирала, како со поминат мандат потпишувала нелегално и барала дотации да и префрлат од страна на Министерството. Е тоа да испаднеш и да го кажиш колешке.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Прво и прво колку години сте на власт. Домот функционираше. Лани имаше 57 деца запишано. Прашање е дали сега ќе запишите. Нема ниедно дете. Да се засрамите. Јас гордо ќе испаднам и ќе кажам. Не се засрамувам. Вие какви кадри ставате.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Почитуван Градоначалниче. Имам прашање до каде е постапката со расчистување на населбата под СЗШУ каде се населени Роми и дел од нив беа без документи. Во февруари месец Градоначалниче најавивте дека овој простор ќе биде расчистен и овој простор ќе биде уреден во интерес на граѓаните. Значи што се случува и до каде е оваа постапка, затоа што веднаш почнаа некои акции таму на рушења, ама сега за сега значи немаме одговор.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам советничке за прашањето, само би ве замолил за нивото да го одржавате и сега Претседател на Општинска Организација на вакво ниво да разговара со г-ѓа, може мајка да ти биде. Не е во ред. Советничке да, така е, февруари месец најавивме расчистување на диво населеното место тн. Тенеќе Маало, има луѓе без документи, меѓутоа претежно се малолетници кои што немат матичен број, оние кои се полнолетни, скоро сите имаат документи и тоа со некаква адреса Димката Ангелов Габерот незнам дали е 34 или 44, не ме фаќајте за збор, да не згрешам. Сите се на иста адреса. Успеавме со нив заеднички во соработка со ИВЗ, пошто сите припаѓаат, така се произнесоа, дека припаѓаат на Муслиманската верска исповед. 16 куќи

да ги отстраниме, да ги рушиме и дел од тие семејства да се вратат таму од кај што дошле, дел од тие семејства да снајдат на друго поцивилизирана или нормална да речам локација. Го направивме тоа во два наврати, го завршивме и за месец септември после Гроздоберот ни е во план уште тие 7 куќи, кои што треба да се отстранат според планот и програмата на деталната урбанизација на Општина Кавадарци, пошто таму има и стари куќи 7,8 колку се повеќе од 30 години, мислам дека тие не се пречка за да останат таму. Треба после Гроздоберот да се разговара и со тие луѓе, за пред зимата да си се снајдат соодветно, за да може да ги отстраниме и тие уште 6,7 куќи. Инаку за информација на јавноста и тоа јас го гарантирам дека на иста локација, кај што беа поставени овие 16 куќи и овие 7 кои што треба брзо да се рушат, по завршување на кејот, односно отпочнување на кејот со која ќе се отпочне од Видео Смилевски до Новата Болница уредување исто како што е во градската средина, мислам во централната мислам ќе продолже до Новата Болница. Тоа ќе биде еден нов парк, кој што ќе биде огледало на тој дел од градот. Значи зеленило, дрвја, реквизити за најмлади, за повозрасни исто катчиња, дури можеме и дел од школото, Шумарско Училиште да направиме една целина и да биде тоа стварно еден прекрасен парк во делот на Видео Смилевски или населбата која штопод Страшо Пинџур спаѓаУЗ и верувајте дека тоа е многу макотрпна работа, мислам и сами сте свесни. Значи во овие 16 куќи, кај што се рушеа живеа 130 луѓе, нема куќа под 8-10 луѓе. Значи не зборуваме за нешто кое што е мало или минијатурно, а од друга страна мора да имаме у предвид запазувајќи ги и основните човекови права дека има деца мали, малолетни,хендикипирани и со секакви статуси, така да досега добро менаџираме со тоа, поднамалени се проблемите кои што ги имавме таму од минатово со кражби, со сите работи, а во оној недостаток кој што треба да го направиме, тоа е честа појава на палење на гуми, горење за бакар и тија работи. На секое палење е интервенирано, ама досега еве неуспеавме да фаниме полнолетен палач на гуми. Кога и да стигне таму полицијата и пожарната, а стига во најбрз можен рок се се 3 дечиња, возрасните ги нема, Ни го запаливме по грешка и тоа е тоа., изгледа слабост наша или мудрост нивна. Така да ќе гледаме тоа да го надминиме и да се дореше и уште тој дел и да биде прекрасен парк на Кавадарци, а не да подлегнуваме на шпекулации дека таму ќе се градат згради или тие работи. Не. Отворите го ДУП. Тоа е зеленило, дрвја, парк и ќе биде одлично место, еве дури и за младите и за возрасните да функционират таму.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Во врска со уредувањето таму, значи несомнено тука ни е Шумарскиот Училишен Центар, граничи со нив, тука може да пораснат и нивни помошни објекти, кои што ги имат спортски дали може да се изреновират и да се испланира да влезат во таа пресметка или во некоја друга пресметка, спортските објекти, односно помошните терени кои што ги има за кошарка и за фудбал да се дотера, да се направат да дојдат во подобра, па може од оние гумени подлоги и да се стават за да бидат во тој дух на паркот да биде тука и спортски дел овозможен.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Во склоп на ЈП Комуналец, сега формиравме уште едно одделение, мислам е одделение или отсек на некакво одделение да направија они Меморандум соработка со ЗШСУ, да ЈП Комуналец ги ....... прво и ги ставе во функција расадите, кои што ги имаше претходно, Расадникот да го речиме на самото школо и тоа ќе ни биде многу плодна почва да ние можеме многу полесно да се развиваме и со урбани дрвја, садници, китки и сите други работи, кои што сам ќе си ги произведува ЈП Комуналец, нормално ние како Општина ќе си го платиме сигурно по соодветна цена према Комуналец. Сите спортски терени, кои што ги има школото, знаете дека секое школо мора да биде оградено и тоа е пропис и правило за едно, поготово основно школо или средно, така да оние елементи како спортски терен од отворен карактер или фудбалско игралиште, што може да биде надвор од школото, тоа не е задолжително во школото, туку може да направиме некоја комбинација. Инаку станува збор за многу голема површина, можеби вака навидум не изгледа толку голема, Тенеќе Маало има над 14 000м2 простор. Ако го уредиме тоа 10 000м2 простор да направиме, само за една илузија, така за една споредба Градскиот Парк Мишо Шкартов не е поголем од 40 000м2. Значи една третина имаме тука да направиме парк, само во делот кај што ќе ги отстраниме и ги отстранивме делумно куќите, а Шумарското Земјоделско Училиште držе на 120 000 м2 простор кој што верувам може дополнително да се искористе. Не станува збор за мала работа, ќе успееме во тоа да го очистиме просторот, у 24-та во програма една сериозна инвестиција, еден парк, спортски терен, еден проект да се направе како што треба и пак ќе кажам да ги фаниме од најмалите до најголемите и тука би сакал само да повикам еден апел до сите наши сограѓани и жители и гости, било кој да си го чуваме тоа што го имаме, поради тоа што сами знаете дека сега веќе располагаме со 47 детски игралишта низ цела територија на Општина Кавадарци. Тие 47 детски игралишта, само последните 22 што се направија се со вредност од 18 000 000 денара. Значи не е воопшто

евтина работа, не е тоа за година, две или три или пет, секое село, секоја УЗ, МЗ си доби детско игралиште, катче каде што е безбедно, оградено, со сите стандарди, меѓутоа уништувањето на опремата, уништувањето на механичкото вадење на подлога, ограда и самата опрема е многу честа појава. Затоа денеска мислам дека имаше одлука на Совет да му ги дадеме на Комуналец, да ги одржава. Значи ние не пуштено во функција, ние ќе треба да го одржаваме, пошто тој што го изведува од механичко оштетување не ја признава гаранцијата и што е многу нормално да од механичко оштетување нема. Исто за јавните тоалети кои што ги имаме над 25 веќе во градот, 30 мислам дека беа поставени во градот, по села, по патеки, по паркот и тука треба да се обрне внимание и се што е јавен интерес, да се малку повеќе воде грижа, затоа што тоа се пари на граѓаните и тоа се работи кои што треба да ги користиме со генерации, така да еден апел до сите да немаме хулиганство и да не уништуваме урбана опрема.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Градоначалник се извинувам уште едно прашање од Горан, од место додека е Градоначалникот тука да го искористиме. Повели.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Добро. Претходното едно прашање баш беше опфатено, ми беше исто за кејот што се граде последната делница. Вака Градоначалниче значи улицата кај што е опфатена со неколку бизнис компании, меѓу кои и вашата и ние ја посетуваме, кај што е Стокомак многу е во лоша слика. Дали таму е предвидено проширување, да се асфалтира нешто, бидејќи сега редовни сме нели посетители, односно одиме да пазаруваме во една од тие нели компании и значи таму стварно е, значи има дупки и компаниите кои што гравитираат знаете и вие лично, значи мислам дека се оштетуваат возилата. Друго нешто баш беше опфатена од жителите кои што гравитираат кај што живеам јас на Кочо Рацин, во летниот период користат сега знаеме моторцикли, велосипеди дали може во идната година во урбана опрема да се ставе, да се предвиди како некои метални конструкции кои ќе бидат пред колективните згради и каде што можат тие да бидат како на одредено место каде што би можеле тие да ги заклучуваат, би биле ем како паркиралишта, како метална конструкција каде би можеле да ги врзуваат.Велосипеди, моторцикли, тротинети сега електични се користат значи, бидејќи сега ги стават на повеќе места и не му е безбедно. И сами кажуваат дека ако биде до зградата одредено место, нели ќе се најде за секоја колективна која што има потреба. Би било ем попрегледно, ем би биле под клуч тука, не би било да ги стават на зелени површини, па да ги надгледуваат, тука би биле под клуч. Не мора да е под видео , пред зграда , како

посебно. Пред поштата мислам имаше. И уште една работа ми е како, ова повеќе отколку е прашање, би било како консултација. Што да направиме ние како Совет, како Градоначалник влезовите према Росоман ни се 4 ленти, спрема Неготино 3 ленти се, сега нели предвидуваме 3 ленти исто према Дреново да биде, ние немаме до нас ни експресен пат, ни автопат. Значи до Прилеп сега и Битола автопат ќе дојде, до Кочани и Штип автопат, значи знаеме ја бараме таа фамозна обиколница, бараме ако е најблиска релација до автопатот незнам Неготино, 10 км. Нели може сите да се заложиме како советници, нашите пратенници и вие како Градоначалник, сите значи дали некој експресен пат, нешто да имаме некоја врска, ние во градот кога ќе дојде некој сите викат прекрасен, поубав од сите овие градови што ги наведив, значи прекрасен и влезовите се такви, а до нас кога се доаѓа се доаѓа стварно по патишта тесни, не знам по колку се тие предвидени, по две коловозни ленти. Што би мкжеле по тој план групно, колективно да издејствуваме и избоксираме во Владата во Скопје.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам Горан, значи од последното прашање уште во претходниот мандат имавме идеа и требеше да почниме проект заедно со ЈПДП Кавадарци, Неготино да биде експресен патот, односно да се направе со три ленти. И јас ти гарантирам ако останеше тогашниот директор на ЈПДП тоа ќе беше направено, меѓутао се смениja сплет на околности, Вуко дојди Претседател на Општински, таму дојде друг директор и не го направија. Зошто не го направија ќе си одговорат они, а јас ви гарантирам дека за во идно време ќе го направиме и Кавадарци догодина ќе го почниме Кавадарци, Неготино исто треба да бидат три ленти, макар и до Росоман да биде три ленти, со проширена фреквенција и мобилност на самото движење. Само еден податок од Неготино во Кавадарци секојдневно влегуваат 6500-7000 возила, со исклучок на сабота и недела, од Росоман во Кавадарци влегуваат од 5500 - 6000 возила и од Дреново во Кавадарци влегуваат од 4000-4500 возила на дневна основа. Така да мислам тоа итекако има потреба да се направе и верувам дека ако бидеме сложни и умееме да си побараме, дека ќе успееме и да го направиме. И сега во делот на Стокомак, во делот на таа улица јас лично не давам да се ставе таа улица да се праве, пошто уште таа ако ја направиме улица и ја реконструираме и ќе биде Еве го и неговата улица си ја направи разбираш. Не ја правиме. Не фала ви, не треба. Значи супер е улицата, заедно со другите компании таму со Сони Текст или кои се таму други Даскал Камчев, ете нашата компанија и други, ќе си разговарам, јас од приватни средства и они да донират ќе ја направиме улицата. Ако ја направиме таа улица, коските ќе ни ги изедат, готови сме, а не е

многу, 1 000 000 денара дали ќе кошта цела. И ќе се направе и ќе се осветле. Метални конструкции имаме пракса, може да ги ставиме догодина во урбана опрема и да ги поставиме на повеќе локации. Убави се тие и за клучење и за паркинг простор, сега вија нови велосипеди па немат ногалка и добро е да се стават во тие, ајде добро паркиралишта. И за крај јас би сакал само да ве повикам сите сплотени заедно, од утре натаки барем до 10-ти, после сите што сакате правете, пак вадете си ги очите. Дај да си ја истераме свечената седница, си го поминеме Ослободувањето на Кавадарци, да не му ги јадеме коските на претходниците, да си го истераме Гроздоберот како што доликува, да си наздравиме со чаша винце, 8-ми,9-ти,10-ти , после секој по својот пат. Треба заеднички сите да му покажеме, ни да си покажеме самите себе да се надминиме дека треба да го поминеме празникот соодветно. Поканети ни се сите политички структури, поканета ни е целата Влада, поканети ни се сите министерства, амбасади, наши побратимени градови. Еве нека биде и јавна покана до секоједен наш добронамерник и пријател да ни биде гостин . Така да од добри гости зијан нема. Благодарам Претседателе што овозможивте за советнички прашања.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам. Почитувани седницата е затворена.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов